# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## ООУ„ТОШО АРСОВ“- Штип

## за периодот од 2022 до 2024 година




**Август 2024**

## Содржина


Општи податоци за училиштето .................................................................................................... 3

Подрачје 1: Планирање, настава и учење .................................................................................... 4

Подрачје 1: Планирање, настава и учење – силни страни, слаби страни и приоритети ...................................... 21

Подрачје 2: Постигања на учениците ........................................................................................... 22

Подрачје 2: Постигања на учениците – силни страни, слаби страни и приоритети ............................................ 32

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето ................................................................. 33

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето – силни страни, слаби страни и приоритети ................ 64

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики ........................................................ 67

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики – силни страни, слаби страни и приоритети ....... 74

Методи кои се користени за собирање податоци ........................................................................ 76

Извештај ........................................................................................................................................ 77

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето ................................ 87

Комисија за спроведување на СЕУ .............................................................................................. 88

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Тошо Арсов“ |
| Адреса | ул.„Булевар ЈНА“ бр.26-А<br>Штип |
| Телефон, е-пошта | 032/ 394 – 448<br>outosoarsov_stip@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | мај - август |
| Број на ученици во училиштето | 645 |
| Број на подрачни училишта | (3)<br>ПУ населба Македонка, ПУ село Почивало<br>ПУ село Чардаклија |
| **Училишен директор** | ВД Директор: Наташа Максимова |
| Име и презиме | |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | |
| Потпис | |
| Датум | |

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 1. **Планирања на наставниците**<br>2. **Наставен процес**<br>3. **Искуства на учениците од учењето**<br>4. **Оценувањето како дел од наставата**<br>5. **Воннаставни активности и натпревари** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Интервју со директор, педагог, психолог, анкетни листови за наставници | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | **Ниво на постигнување - Многу добро**<br><br>Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на наставниот процес, преку посетување на семинари, вршење дисеминација од посетени обуки и семинари, работа на проекти и сл. Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за следење на квалитетот на планирањата на наставниците, од страна на директорот и стручните соработници. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и / или стручните соработници и наодите од следењето се користат за подобрување на процесот на планирање на наставата.<br><br>На анкетата одговориле 47 наставници.<br>• Поголем број од наставниците, 55% целосно се согласуваат со тврдењето дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата и 23% од наставниците се согласуваат со тврдењето. Незначителен број од наставниците, 19% не се согласуваат и 1% целосно не се согласуваат со тврдењето.<br>• Најголем дел од наставниците целосно се согласуваат или се согласуваат со тврдењето дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања најмалку два пати во полугодието односно 45% целосно се согласуваат и 45% се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат со ова тврдење, додека 10% не се согласуваат со тврдењето дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања најмалку два пати во полугодието.<br>• Најголем дел од наставниците целосно се согласуваат (48%) или се согласуваат (25%) со тврдењето дека добиваат поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирањето за нивниот наставен предмет/предмети, додека незначителен број не се согласуваат (25%) или целосно не се согласуваат со истото тврдење (2%). |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | **Ниво на постигнување - Многу добро**<br><br>Размената на искуства и информации меѓу наставниците игра голема улога во подобрувањето на наставата. Наставниците се собираат за да разговараат за своите предизвици и успеси, создаваат простор за учење и инспирација. Споделуваат идеи за тоа како да ги ангажираат учениците и како да ги направат своите часови поефективни. Дискусиите не само што го зголемуваат знаењето и вештините на наставниците, туку исто така го подобруваат и целокупниот образовен процес, правејќи го поефикасен и поинтересен за учениците.<br><br>- Од 47 наставника кои одговориле на анкетата најголем дел се согласуваат (49%) или целосно се согласуваат (42,6%) со тврдењето дека во рамките на стручните активи, наставниците разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието. Незначителен број од наставниците, 4,4% не се согласуваат со тврдењето и 2% целосно не се согласуваат со тврдењето, а исто толку (2%) не знаеле или немале информации за тврдењето. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>Планирања на наставниците; | Реализација на наставни планови и програми | **Ниво на постигнување – многу добро**<br><br>Наставниците во училиштето изготвуваат и работат според план и програма во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Секој елемент од наставните програми е користен за одреден вид планирање: планирање на реализацијата на наставната програма и планирање на реализацијата на часот. При планирањето се користени електронските верзии на наставните програми и унифицирани примероци за планирање објавени на интернет страницата |

| | | |
|---|---|---|
| Е-дневник;<br><br>Извештаи од посети на наставни часови од стручната служба;<br><br>Анкетни прашалници за наставници, ученици, родители<br><br>Извештаи од работата на инклузивниот тим во училиштето<br><br>Извештаи од одржани МИО активности | | на БРО. Сите наставни програми по предмети се во целост реализирани според наставниот план за работа. Наставниците реализираат настава според новата концепција (модел) за основно образование (I, II, III, IV, V и VI одд.) и наставниот план за деветгодишно образование (VII, VII и IX одд.) донесен од страна на министерот за образование и наука Д-р Јетон Шаќири со архивски број 18-7936/2 од 12.7.2022 година.<br><br>Реализацијата на наставните часови според програмата лесно може да се согледа од увидот во е-дневникот, по утврден распоред за часови.<br><br>По разговор со стручната служба од реализираните посети на час утврдено е дека во училиштето се реализираат предвидените наставни програми.<br><br>Според добиените резултати од анкетата, најголем дел од родителите целосно се согласуваат или се согласуваат дека во учебната 2023/2024 година наставните часови се реализираат според предвидениот распоред во е-дневникот.<br><br>Анкетирани се 241 родител по случаен избор.<br><br>• 56% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека во текот на учебната година учениците ги имаат сите наставни часови според распоредот, 35% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 6% од родителите не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека учениците ги немаат сите наставни часови според распоредот, 2% од родителите целосно не се согласуваат со тврдењето и 1% од родителите немаат информација за даденото тврдење.<br><br>Наставата по сите наставни предмети се реализира во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. |
| | Избор на наставни предмети | **Ниво на постигнување - Многу добро**<br><br>Постапката за избор на слободни изборни предмети се изведува согласно процедурата за слободни изборни предмети. На крајот на учебната година учениците одговараат на анонимен прашалник за нивните интереси, врз основа на кој се |

| | |
|---|---|
| | понудуваат слободни изборни предмети согласно интересите на учениците и расположивиот наставен кадар.<br>Анкетирани се 241 родител по случаен избор.<br>• Најголем дел од нив целосно се согласуваат (57%) или се согласуваат (34%) со тврдењето дека се запознаени со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности. Незначителен дел од родителите не се согласуваат (10%) или целосно не се согласуваат (2%) со тврдењето. 4% изјавиле дека не знаат/немаат информации за тврдењето.<br>• Најголем број од родителите целосно се согласуваат (47%) или се согласуваат (38%) со тврдењето дека изборните предмети / активности кои ги посетува нивното дете ги има избрано согласно своите интереси. Незначителен број од родителите не се согласуваат (9%) или целосно не се согласуваат (4%) со истото тврдење. 2% од анкетираните родители изјавиле дека не знаат/немаат информации за тврдењето.<br>На анкетата одговориле 213 ученици.<br>• Најголем број од учениците целосно се согласуваат (45%) или се согласуваат (38%) со тврдењето дека сами ги имаат избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествуваат, според своите интереси. Незначителен број од учениците не се согласуваат (8%) или целосно не се согласуваат (5%) со истото тврдење. 4% од анкетираните ученици изјавиле дека не знаат/немаат информации за тврдењето. |
| Избор на задачи, активности и на ресурси | **Ниво на постигнување- Многу добро**<br>Наставниците во воспитно - образовната работа, односно наставниот процес, користат разновидни задачи, активности и ресурси со цел да го поттикнат критичкото размислување кај учениците, да ја зајакнат нивната мотивација за учење и да им овозможат подлабоко разбирање на предметната содржина. Преку внимателно осмислени активности, тие создаваат интерактивна и ангажирачка средина каде што учениците се охрабруваат да истражуваат, да поставуваат прашања и да ги применуваат стекнатите знаења во различни ситуации. |

| | |
|---|---|
| | • Од наставниците кои одговориле на анкетата (вкупно 47), најголем дел се согласуваат (51%) или целосно се согласуваат (48%) со тврдењето дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава.<br><br>На анкетата одговориле 213 ученици.<br><br>• Најголем број од учениците целосно се согласуваат (44%) или се согласуваат (44%) со тврдењето дека на часовите имаат можност да учат на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл. Незначителен број од учениците не се согласуваат (8%) или целосно не се согласуваат (2%) со истото тврдење. 1% од анкетираните ученици изјавиле дека не знаат/немаат информации за тврдењето. |
| Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | **Ниво на постигнување- Многу добро**<br>Интеракцијата меѓу наставниците и учениците, како и меѓу учениците меѓусебно, е од суштинско значење за создавање на динамична и продуктивна училница. Наставниците активно вклучуваат учениците во дискусии, прашувања и решавање проблеми, што го поттикнува нивниот интерес и ангажман. Преку ваквата интеракција, наставниците не само што ги насочуваат учениците кон посакуваните цели, туку и ги охрабруваат да ги изразат своите мислења, да поставуваат прашања и да размислуваат критички.<br>Од друга страна, интеракцијата меѓу самите ученици ја гради тимската работа, соработката и меѓусебната поддршка. Кога учениците работат заедно на проекти или учествуваат во групни активности, тие учат како да ги почитуваат различните перспективи, да се слушаат едни со други и да наоѓаат заеднички решенија на проблемите. Оваа меѓусебна интеракција создава чувство на заедништво и ги развива нивните социјални вештини. Со вакви интеракции, училницата станува место каде што учениците не само што учат од наставникот, туку и едни од други, што го збогатува целокупниот образовен процес.<br><br>На анкетата одговориле 47 наставници<br>- Најголем број целосно се согласуваат (54%) или се согласуваат (46%) со тврдењето дека на нивните часови учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив. |

| | |
|---|---|
| | - Најголем број се согласуваат (63%) или целосно се согласуваат (36%) со тврдењето дека во наставата користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми.<br>- Најголем број се согласуваат (63%) или целосно се согласуваат (36%) со тврдењето дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.<br><br>На анкетата одговориле 213 ученици<br><br>- Најголем број од учениците целосно се согласуваат (43%) или се согласуваат (38%) со тврдењето дека на најголем број од часовите, сите ученици се активно вклучени во наставата (поставуваат, прашања, дискутираат, работат во групи). Незначителен број од учениците не се согласуваат (16%) или целосно не се согласуваат (2%) со тврдењето. 1% не знаат/немаат информации за тврдењето. |
| Реализација на образовна инклузија | **Ниво на постигнување – делумно задоволува**<br><br>Во училиштето постои инклузивен тим на ниво на училиште кој е формиран со Одлука на директорот на училиштето и инклузивниот тим на ученикот со ПОП формиран со Одлука на директорот на училиштето и е со важност до крајот на образованието на ученикот со попречност. Само мал број од наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Оценување на постигнувањата на учениците со ПОП се врши во согласност со целите во индивидуалниот образовен план. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, но ретко соработуваат со инклузивниот тим на ученикот. Учениците со ПОП кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција ненавремено се идентификуваат и барањата за соодветна поддршка се доставуваат со задоцнување. Само мал број од учениците со ПОП се вклучени во воннаставни активности во рамките на училиштето.<br><br>Учениците со физичка попреченост имаат непречен пристап само до првиот кат од училишната зграда. Тоалетите не се целосно приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Според спроведената анкета и добиените |

| | | |
|---|---|---|
| | | резултати од анкетниот прашалник со наставниците, постојат случаи на неуспешна соработка помеѓу наставниот кадар и образовните асистенти.<br><br>На анкетата одговориле 47 наставници.<br><br>Поголем број од наставниците целосно се согласуваат (34%) или се согласуваат (26%) со тврдењето дека соработуваат со образовните асистенти. Мал број од наставниците (30%) немаат информација за овс тврдење, а незначителен број не се согласуваат (9%) или целосно не се согласуваат (2%) со тврдењето дека соработуваат со образовните асистенти. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | **Ниво на постигање-добро**<br><br>ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план и ја следи реализацијата на МИО активностите од ГПРУ. ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН.<br>Наставниците планираат во своите планирања и реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план. Во училиштето постојат примери за реализирани воннаставни активности со јазично хетерогени групи ученици. Се организираат работилници каде учениците пишуваат кратки реченици на нивниот мајчин јазик. Учество на одбележување на „Европскиот ден на јазиците“ каде секоја група ученици претставуваат различен јазик и култура преку песни или презентации за традициите и обичаите на нивната култура.<br>Според добиените резултати од спроведената анкета со наставниците се гледа дека најголем дел од наставниците реализираат МИО – активности според претходно направен план.<br><br>На анкетата одговориле 47 наставника. 57 % од нив се согласуваат со тврдењето дека реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план или 38% целосно се согласуваат со тврдењето, а 4% од наставниците не се согласуваат со тврдењето дека реализираат МИО активности со учениците.<br><br>На анкетата одговориле 241 родител.<br>Поголем дел од нив се согласуваат (29%) или целосно се согласуваат (24%) дека нивното дете било вклучено во активности со ученици од друг наставен јазик. Мал |

| | | |
|---|---|---|
| | | дел од родителите не се согласуваат (23%) или целосно не се согласуваат (7%) со истото тврдење.<br><br>На анкетата одговориле 213 ученици.<br>Од нив, поголем дел целосно се согласуваат (31%) или се согласуваат (39%) со тврдењето дека биле вклучени во активности со ученици од други култури. Незначителен дел не се согласуваат (15%) или целосно не се согласуваат (8%) со истото тврдење. 8% немале одговор / мислење за даденото тврдење. |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкети со наставници, ученици и родители<br><br>Разговор со стручната служба | Средина и атмосфера за учење | **Ниво на постигнување - Многу добро**<br><br>Во училиштето влијае безбедна и пријатна средина. Наставниците се трудат да ги поттикнат и мотивираат учениците со цел да ги оспособат критички да размислуваат и да решаваат проблеми во реалниот живот.<br><br>Според спроведените анкети помеѓу учениците, родителите и наставниците, поголем број од родителите на учениците целосно се согласуваат или се согласуваат дека го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина за нивното дете, што поттикнува интерес за учење. По разговор со стручната служба од реализираните посети на час утврдено е дека во училиштето се превземаат сите потребни мерки за време на наставата со цел учениците да имаат еднаков третман без разлика на пол, национална припадност и религиска определба, а исто така се преземаат и сите потребни мерки со цел да се овозможи инклузија на децата со потребни потреби во наставниот процес. Во изминатата учебна година во училиштето беа реализирани и повеќе работилници и проектни активности за „Безбедна училишна средина“ на кои учествуваа различни фокус групи на ученици. Според спроведените анкети поголем број од учениците целосно се согласуваат или се согласуваат дека во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење и дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. По спроведениот разговор со фокус група на наставници, |

| | | |
|---|---|---|
| Разговор со фокус група на наставници | | учениците имаат можност да учествуваат во дебати, проекти и истражувања на најразлични теми од воспитно-образовниот процес. За време на часовите, учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Според спроведените анкети поголем број од учениците целосно се согласуваат или се согласуваат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд, додека најголем број од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.<br><br>Анкетирани се вкупно 241 родители, 213 ученика и 47 наставника по случаен избор.<br><br>• 38% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека училиштето го чувствуваат како мотивирачка средина за своето дете, 44% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 15% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека училиштето не го сметаат за мотивирачка средина. 2% од родителите целосно не се согласуваат, а 1% од родителите одговориле дека немаат информација во однос на ова прашање.<br>• 32% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето дека на часовите користат различни материјали и извори на учење, 47% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 15% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека не применуваат најразлични материјали и извори за учење. 4% од учениците целосно не се согласуваат, а 1% од учениците одговориле дека немаат информација во однос на ова прашање.<br>• 38% од учениците целосно се согласуваа со тврдењето дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд, 46% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 11% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека наставниците не ги пофалуваат за нивниот труд. 1% од учениците целосно не се согласуват, а 3% од учениците одговориле дека немаат информација во однос на ова прашање.<br>• 80% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека на часовите редовно ги пофалуваат учениците за вложениот труд, 19% од наставниците се согласуваат со ова тврдење. |
| | Идентификување и | **Ниво на постигнување - Добро** |

| | | |
|---|---|---|
| | задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручните соработници имаат голема улога во систематското идентификување на образовните потреби на учениците. Овој процес вклучува внимателно следење на напредокот на учениците, анализирање на нивните индивидуални способности, интереси и предизвици, како и редовна комуникација со учениците и нивните родители. Преку оваа систематска проценка, наставниците и стручните соработници можат да ги препознаат учениците со посебни образовни потреби, потешкотии во учењето или надареност, и да изработат соодветни образовни планови кои одговараат на нивните специфични потреби.<br><br>Во текот на наставниот процес, наставниците преземаат различни активности за да ги задоволат потребите на учениците и да ги отстранат пречките што можат да го попречат нивниот напредок. Овие активности вклучуваат адаптација на наставните методи, креирање на индивидуализирани наставни програми, користење на различни образовни ресурси и алатки, како и дополнителна поддршка преку индивидуална или групна работа. Наставниците исто така работат на создавање на инклузивна училишна средина каде што секој ученик ќе може да го достигне својот полн потенцијал, без оглед на неговите способности или потреби.<br><br>На анкетата одговориле 213 ученици.<br>• Поголем број од учениците, целосно се согласуваат (32%) или се согласуваат (47%) со тврдењето дека на часовите користат различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели). 15% не се согласуваат со тврдењето, 4% целосно не се согласуваат, а 1% не знаат/немаат информации за тврдењето.<br>На анкетата одговориле 47 наставници.<br>Сите наставници се согласуваат (25%) или целосно се согласуваат (75%) со тврдењето дека ги разбираат проблемите и потребите на учениците.<br><br>На анкетата одговориле 241 родител.<br>Поголем дел од родителите, целосно се согласуваат (37%) или се согласуваат (42%) со тврдењето дека наставниците ги приспособуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на нивното дете. 16% не се согласуваат, 2% целосно не се согласуваат, а 4% не знаат/немаат информација за тврдењето. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| Статистички извештај од успехот на крајот на учебната 2022/23 и полугодието на учебната 2023/24<br><br>Планирања на наставниците<br><br>Инструменти за следење на континуитетот на постигнатиот успех на учениците<br><br>Разговор со стручна служба<br><br>Анкети на ученици, родители и наставници<br><br>Разговор со фокус група на наставници | Училишна политика за оценување | **Ниво на постигнување – Добро**<br>Во училиштето нема интерен правилник на оценување, но се применува упатство и прирачник за наставници за начинот на оценување на учениците објавен од Министерството за образование и наука.<br><br>Според спроведените анкети поголем број од учениците целосно се согласуваат или се согласуваат дека однапред им се објаснува што треба да знаат и умеат за секоја оценка. По спроведените разговори со стручните активи, училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив според спроведените анкети поголем број од родителите се целосно запознаени. По остварена дискусија со фокус група на наставници, родителите имаат пристап до електронкиот дневник каде го следат напредокот на своето дете како и преку индивидуални консултации со наставниците. Секој наставник си има одредено термин за консултации кој јавно е истакнат во просториите на училиштето. Поголем број наставници применуваат формативно оценување применувајќи најразлични начини како чек листи, самоценување, меѓусебно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците и поголем дел од наставниците однапред им објаснуваат на учениците што треба да знаат и умеат за секоја оценка.<br><br>Анкетирани се вкупно 241 родители, 213 ученика и 47 наставника по случаен избор.<br><br>• 45% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето дека однапред им се објаснува што треба да знаат за секоја оцена, 39% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 11% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека наставниците не ги однапред информираат што треба да знаат за секоја оцена. 3% од учениците целосно не се согласуваат, а 2% од учениците одговориле дека немаат информација во однос на ова прашање.<br>• 39% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците однапред ги запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет, 38% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 14% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека наставниците не ги однапред запознаваат со критериумите за оценување. 5% од родителите целосно не се согласуваат, а 5% од родителите одговориле дека немаат информација во однос на ова прашање. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • 76% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека однапред ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките, 23% од наставниците се согласуваат со ова тврдење. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | **Ниво на постигнување – Многу добро**<br><br>Наставниците редовно ги оценуваат учениците и ги бележат нивните постигања, при што користат повеќе методи, техники и инструменти за оценување како што се тестови, контролни прашања, писмени работи, извештаи, портфолија, чек листи, бодовни листи. Најголем број од наставниците редовно ги оценуваат учениците и водат евиденција за оцените. Најголем број од наставниците користат разни инструменти за оценување и вреднување на учениците и континуирано го следат напредокот на учениците. При оценувањето поголем број од наставниците го земаат предвид и мислењето на учениците и даваат информации со кои им помагаат да ги подобрат постигањата.<br><br>Описното и бројчаното оценување се изведуваат по пат на формативно и сумативно оценување.<br><br>Описното оценување се имплементира во одделенска настава од I – III одд., додека во IV, V и VI одд. во првото тримесечие, полугодие и третото тримесечије од учебната година. Бројчаното оценување се имплементира во IV, V и VI одд. како крајна оцена, а во текот на целата учебна година во VII, VIII и IX одд.<br><br>На анкетата одговориле 213 ученици и 47 наставници.<br><br>Најголем број од учениците целосно се согласуваат (66%) или се согласуваат (30%) дека наставниците користат разни начини за проверка на нивните знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). 2% не се согласуваат, 1% целосно не се согласуваат со тврдењето, а 1% од учениците одговориле дека не знаат или немаат информација за ова тврдење од анкетата.<br><br>Речиси сите наставници целосно се согласуваат (61%) или се согласуваат (38%) со тврдењето дека применуваат различни начини на оценување на учениците. |
| | Коефициент на континуитет | **Ниво на постигнување - Многу добро**<br><br>Коефициентот на континуитет на успехот на учениците е статистички показател кој го мери степенот на стабилност или конзистентност во постигнувањата на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | на успехот на учениците | низ одреден временски период. Овој коефициент помага во анализа на тоа колку е стабилен училишниот успех на учениците, што може да укаже на нивото на континуирано ангажирање, ефикасноста на наставните методи, и приспособливоста на учениците кон различни наставни содржини и оценки.<br>Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квалификациони периоди, тие извештаи се доставуваат кај стручната служба и раководниот кадар на училиштето кои ги обработуваат, сумираат, ги презентираат на Наставнички совет.<br>Податоци и извештаи се чуваат во училишната документација и за истите се запознати Советот на родители, Училишниот одбор, Општина Штип, МОН во рамките на Полугодишните и Годишните извештаи за работата на училиштето. Во истите табеларно, сукцесивно и прецизно се евидентирани постигањата на учениците во нашето училиште.<br>Коефициентот на континуитет на успехот на учениците изнесува 0.94 (за 2021/2022 г.) и 0.92 (за 2022/2023 и 2023/2024 г.). |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | **Ниво на постигнување – Многу добро**<br><br>Информациите добиени од оценувањето играат голема улога во наставниот процес, овозможувајќи наставниците да ги приспособат своите методи и пристапи според потребите на учениците. Оценувањето не е само мерка за успех, туку и алатка за откривање на силните страни и предизвиците со кои се соочуваат учениците. Користејќи ги овие податоци, наставниците идентификуваат области каде што учениците имаат потреба од дополнителна поддршка или објаснување, адаптирајќи ја наставата за да ги задоволат тие потреби.<br>Ако оценувањето покаже дека голем број ученици имаат потешкотии со одредена тема, наставникот ја преиспита таа содржина, воведува нови активности или организира дополнителна настава. Оваа информација исто така му помага на наставникот да ги идентификува надарените ученици и да им понуди предизвикувачки задачи кои ќе ги стимулираат да напредуваат понатаму. Покрај тоа, информациите од оценувањето им овозможуваат на наставниците да го следат индивидуалниот напредок на секој ученик со текот на времето. Ова помага во креирањето на индивидуализирани образовни планови и насоки кои го поддржуваат личниот развој на учениците. Наставниците ги користат овие информации и за да им дадат конструктивна повратна информација на учениците, ги охрабруваат и ги насочуваат кон подобрување на нивните вештини и знаења. да го достигнат својот полн потенцијал.<br>Анкетирани се вкупно 213 ученици, 241 родители и 47 наставници. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Најголем дел од учениците се согласуваат (50%) или целосно се согласуваат (36%) со тврдењето дека наставниците редовно ги известуваат за нивните постигнувања и начините за нивно подобрување. 12% не се согласуваат и 2% целосно не се согласуваат со тврдењето.<br>Поголем број од родителите, целосно се согласуваат (37%) или се согласуваат (41%) со тврдењето дека наставниците му даваат насоки на нивното дете како подобро да учи. 15% не се согласуваат со ова тврдење, 2% целосно не се согласуваат, а 5% од родителите изјавиле дека не знаат/немаат информација за тврдењето.<br>Најголем број од наставниците, 82% целосно се согласуваат со тврдењето дека на учениците им кажуваат што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања, 17% се согласуваат со тврдењето.<br>Речиси сите наставници 76% целосно се согласуваат (76%) или се согласуваат (23%) со тврдењето дека ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките. |
| **Индикатор 1.5 Вонаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Тековни извештаи на наставниците од реализирани вонаставни активности, МИО активности, реализирани проекти и натпревари, анкети, разговор со стручна служба. | Обем и разновидност на<br>планираните и реализираните вонаставни активности | **Ниво на постигнување - добро**<br><br>Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности. Од разговорот со стручната служба утврдивме дека на учениците им се понудени разновидни вонаставни активности од кои тие можат да одберат според своите потреби и интереси. Увидот во училишната педагошка евиденција и документација покажа дека наставниците планираат и реализираат разновидни краткотрајни и долготрајни вонаставни активности. Од клубовите најмногу се истакнуваат Клубот на црвениот крсст со различни хуманитарни акции, драмската секција и ликовната секција со нивните настапи на повеќе настани. Освен нив, во училиштето се реализираат излети и екскурзии, проекти, работилници и посета на институции. Од учебната 2023/2024 година особено се истакнува вклученоста на училиштето во проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во рамките на кој се реализираа повеќе работилници и тринеделна интеркултурна размена во Троген, Швајцарија. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според добиените резултати од спроведената анкета, поголем број од учениците и родителите целосно се согласуваат или се согласуваат дека училиштето нуди разновидни воннаставни активности.<br>На прашалникот одговориле вкупно 241 родител и 213 ученици.<br>• Од нив, 27% од родителите и 37.5% од учениците целосно се согласуваат дека во училиштето има избор на различни воннаставни активности (на пр., клубови, проекти, акции и сл.)<br>• 40.2% од родителите и 41.8% од учениците се согласуваат дека во училиштето има избор на различни воннаставни активности (на пр., клубови, проекти, акции и сл.)<br>• 18.3% од родителите и 12.7% од учениците не се согласуваат дека во училиштето има избор на различни воннаставни активности (на пр., клубови, проекти, акции и сл.)<br>• 4.6% од родителите и 3.3% од учениците целосно не се согласуваат дека во училиштето има избор на различни воннаставни активности (на пр., клубови, проекти, акции и сл.)<br>• 10% од родителите и 6.6% од учениците немаат информации за избор на воннаставни активности кои ги нуди училиштето.= |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | **Ниво на постигнување - добро**<br>Опфатеноста на учениците од различен пол и јазик на наставата во воннаставните активности е од суштинско значење за создавање на инклузивна и праведна училишна средина. Обезбедувањето еднакви можности за учество на сите ученици, без оглед на нивниот пол или јазична припадност, не само што ги поттикнува на поголем ангажман, туку и ги развива нивните социјални, културни и меѓусебни вештини.<br>Внимание се посветува на создавање активности кои се достапни и прифатливи за учениците од различен пол, со цел да се обезбеди нивно активно учество и да се избегнат стереотипите што можат да ги ограничат.<br>Исто така, се посветува внимание на тоа јазичната различност да биде претставена и почитувана преку активности на различни јазици, поддршка за учење на јазикот на наставата, или пак активности кои ги слават јазичните и културните богатства на учениците.<br>Со новиот концепт на образование учениците од 1, 2 ,3, 4 и 5 одделение секојдневно имаат воннаставни активности, во кои се промовира инклузивноста, сите ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | | имаат пристап до информации и можности за учество во воннаставните активности, без разлика на нивниот пол или јазик.<br>Со ваквата опфатеност на учениците од различен пол и јазична припадност, воннаставните активности се простор каде што сите ученици можат да ги изразат своите таленти и интереси, да учат едни од други и да се чувствуваат вреднувани и почитувани во рамките на училишната заедница.<br>- Поголем број од учениците, се согласуваат (44%) или целосно се согласуваат (33%) со тврдењето дека се вклучуваат во воннаставните активности по свој избор. 14% не се согласуваат, 3% целосно не се согласуваат. 6% не знаат/немаат информација. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | **Ниво на постигање-добро**<br>Вклученоста на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности игра улога во развојот на нивните вештини, интереси и самостојност. Учениците активно учествуваат во одлуките поврзани со воннаставните активности, тие стануваат повеќе ангажирани и мотивирани, што придонесува за поцелосно искористување на нивниот потенцијал.<br>Процесот започнува со обезбедување на можности учениците да изразат свои идеи и интереси. Наставниците во своите наставни планирања, планираат, огранизираат и реализираат анкети, дискусии или средби на кои учениците предложуваат активности што ги интересираат. Наставниците се поддржувачи во овој процес, водејќи ги учениците и им помагаат да ги реализираат своите идеи и планови. Оваа соработка меѓу наставниците и учениците создава позитивна и инклузивна училишна средина, каде што секој ученик има можност да се изрази, да учествува и да придонесе кон заедничките цели.<br>Анкетирани се вкупно 213 ученика, 241 родители и 47 наставника.<br>Најголем дел од целосно се согласуваат (47%) или се согласуваат (47%) со тврдењето дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности, додека 15% не се согласуваат, 4% целосно не се согласуваат. 7% не знаат/немаат информација.<br>• Најголем дел од учениците целосно се согласуваат (41%) или се согласуваат (39%) со тврдењето дека биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури (од своето или од друго училиште), додека незначителен број не се согласуваат (15%) или целосно не се согласуваат (8%) со истото тврдење, а 8% не знаат/немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Поголем број од родителите се согласуваат (49%) или целосно се согласуваат (26%) со тврдењето дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес, додека незначителен број не се согласуваат (16%) или целосно не се согласуваат (3%), 7% не знаат/немаат информација.<br>• Поголем број од наставниците, 70% се согласуваат со тврдењето дека планот за воннаставни активности кои ги водат го изготвуваат заедно со учениците, 15% целосно се согласуваат. 15% не се согласуваат со тврдењето. |
| | Натпревари | **Ниво на постигање-добро**<br>Учениците работат на проекти, учествуваат на различни манифестации и постигнуваат високи резултати на натпреварите од различни области, организирани од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво. Учениците со освоените награди на натпреварите, но и на другите активности кои имаат натпреварувачки карактер, придонесуваат за афирмација на училиштето.<br>• Според спроведената анкета на учениците на тврдењето дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат во различни проекти и натпревари, 39% целосно се согласуваат со тврдењето, 38% се согласуваат. 14% не се согласуваат, 6% целосно не се согласуваат. 2% не знаат/немаат информација за тврдењето. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| |
|---|
| **Силни страни**<br>• Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на планирањето. |

- Наставниците користат стратегии на поучување кои соодветствуваат на образовните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.
- Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата.
- Нашето училиште обезбедува еднаквост на сите ученици, независно од етничката припадност и култура.
- Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди.
- Во училиштето работи Училишен инклузивен тим.
- Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието и мултикултурализмот.
- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.
- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.
- Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.
- Училиштето системски ги идентификува образовните потреби на учениците и презема активности за задоволување на истите.
- Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој.

**Слаби страни**

- Училиштето ги следи законските прописи за оценување, но нема Интерен правилник за оценување.
- Наставниците соработуваат во рамките на активите во однос на планирањето на наставата, но не и во однос на реализацијата на наставата.
- Недоволна информираност на наставниците за работата и соработката со образовните асистенти.
- Во училиштето постои пристап за лица со физичка попреченост само на првиот кат од училишната зграда.
- Недоволна информираност на родителите за активностите во училиштето кои вклучуваат ученици од различни култури.
- Недоволна покриеност со алатки за современа настава (смарт табли, дигитални уреди за учениците)

**Приоритети**

- Зајакнување на соработката во рамките на стручните активи во однос на реализацијата на наставата преку дисеминација и споделување добри практики со нагледни и отворени часови.
- Обезбедување повеќе средства и алатки за современа настава.
- Изработка на Интерен правилник за оценување.
- Поголема промоција на активностите со ученици од други култури или од друг наставен јазик.
- Адаптација на пристапот за лица со физичка попреченост до вториот кат на училишната зграда.
- Зајакнување на соработката меѓу наставниците и образовните асистенти.



| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **Постигања на учениците** |

**Мерки за подобрување на постигањата**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди; извештаи од стручни соработници, директор.<br>Анкети со наставници | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | **Ниво на постигнување – добро**<br>Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците и презема делумни активности за подобрување. Учеството и постигањата на вонаставните активности делумно се следи, а се евидентира на крајот на учебната година.<br>**Статистика на успех на ученици по пол и националност за учебната 2022/2023 година:**<br>**218 ученици се описно оценети од I до III (9 неоценети се задржуваат во истото одделение)**<br>Од вкупно 396 ученици кои се бројчено оценети (од нив 9 ученика се задржуваат во истото одделение) ги покажуваат следниве резултати:<br>**Македонци од вкупно 342 оценети ученика**<br>• Одличен успех покажале машки 97 и женски 124 (221 вкупно)<br>• Многу добар успех покажале 40 машки и 42 женски (82 вкупно)<br>• Добар успех покажале 25 машки и 10 женски (35 вкупно)<br>• Доволен успех покажале 3 машки (3 вкупно)<br>• Едно женско ја повторува годината (1 вкупно)<br>**Роми од вкупно 26 оценети ученика**<br>• Одличен успех покажале 1 женско (1 вкупно)<br>• Многу добар успех покажале 1 машко и 4 женски (5 вкупно)<br>• Добар успех покажале 1 машко и 6 женски (7 вкупно)<br>• Доволен успех покажале 4 машки и 4 женски (8 вкупно)<br>• Ученици кои ја повторувале учебната година 4 женски и 1 машко (5 вкупно)<br>**Турци од вкупно 14 оценети ученика**<br>• Одличен успех покажале 2 женски (2 вкупно)<br>• Многу добар успех покажале 3 женски (3 вкупно)<br>• Добар успех покажале 5 женски (5 вкупно)<br>• Доволен успех покажале 3 машки и 1 женско (4 вкупно) |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Власи од вкупно 13 оценети ученика**<br>• Одличен успех покажале 5 машки и 2 женски (7 вкупно)<br>• Многу добар успех покажале 3 машки и 1 женско (4 вкупно)<br>• Добар успех покажале 2 машки (2 вкупно)<br>**Еден ученик од други националности е со одличен успех** (1 вкупно)<br><br>**Статистика на успех на ученици по пол и националност за учебната 2023/2024 година:**<br>**222 ученици се описно оценети од I до III (9 неоценети се задржуваат во истото одделение)**<br>Од вкупно 432 ученици кои се бројчено оценети (од нив 8 ученика се задржуваат во истото одделение ) ги покажуваат следниве резултати:<br>**Македонци од вкупно 375 оценети ученика**<br>• Одличен успех покажале машки 114 и женски 108 (222 вкупно)<br>• Многу добар успех покажале 50 машки и 53 женски (103 вкупно)<br>• Добар успех покажале 30 машки и 13 женски (43 вкупно)<br>• Доволен успех покажале 5 машки 2 женски (7 вкупно)<br>**Роми од вкупно 26 оценети ученика**<br>• Многу добар успех покажале 3 машко и 4 женски (7 вкупно)<br>• Добар успех покажале 5 машки и 2 женски (7 вкупно)<br>• Доволен успех покажале 4 машки и 2 женски (6 вкупно)<br>• Ученици кои ја повторувале учебната година 4 машки и 2 женски (6 вкупно)<br>**Турци од вкупно 19 оценети ученика**<br>• Одличен успех покажале 2 машки и 1 женско (3 вкупно)<br>• Многу добар успех покажале 3 машки и 1 женско (4 вкупно)<br>• Добар успех покажале 5 машки и 3 женски (8 вкупно)<br>• Доволен успех покажале 2 машки (2 вкупно)<br>• Ученици кои ја повторувале учебната година 1 машки и 1 женско (2 вкупно)<br>**Власи од вкупно 11 оценети ученика**<br>• Одличен успех покажале 4 машки и 1 женско (5 вкупно)<br>• Многу добар успех покажале 4 машки и 1 женско (5 вкупно)<br>• Доволен успех покажало 1 женско (1 вкупно)<br>**Еден ученик од други националности е со добар успех** (1 вкупно) |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според податоците од статистичката анализа од учебните 2022/2023 и 2023/2024 година бројот на ученици кои не се оценети е ист и станува збор за истите ученици. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Државно тестирање по мајчин јазик и математика 2024 година, регулирано со Законот за основно образование, а Државниот испитен центар е одговорен за спроведување на истото.<br>Во ова тестирање беа вклучени ученици од повеќе петти одделенија.<br>Резултати не се добиени од истото. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености | Податок: На анкетата одговорите 47 наставници.<br>Најголем дел од наставниците целосно се согласуваат (53%) или се согласуваат (45%) со тврдењето дека успеваат да ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето. Незначителен број од наставниците, 2%, не се согласуваат дека успеваат да ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето.<br><br>Поголем број од наставниците 79% целосно се согласуваат со тврдењето дека успеваат да ги идентификуваат надарените ученици, незначителен број од наставниците 21% се согласуваат со тврдењето дека успеваат да ги идентификуваат надарените ученици.<br><br>Најголем дел од наставниците целосно се согласуваат (40%) или се согласуваат (40%) со тврдењето дека голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по нивниот предмет/ти. Незначителен број од наставниците не се согласуваат (17%) или целосно не се согласуваат (2%) со тврдењьто дека голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по нивниот предмет/ти.<br><br>Најголем дел од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека на родителите им даваат насоки како најдобро да му помогнат во учењето на своето дете (64%) , мал број од наставниците се согласуваат со тврдењето дека на родителите им даваат насоки како најдобро да му помогнат во учењето на своето дете (36%) .<br><br>Податок: Анкетирани се вкупно 241 родител.<br><br>Поголем број од родителите се согласуваат (43%) или целосно се согласуваат (34%) |

| | | |
|---|---|---|
| | | со тврдењето дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа. Незначителен број од родителите не се согласуваат со тврдењето дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа (13%), незначителен број од родителите не знаат или не се информирани за тврдењето дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа (7%), незначителен број од родителите целосно не се согласуваат со тврдењето дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа (2%).<br><br>Обезбедување на материјали/ надгледни сретства за работа со ученици со попреченост и со надарени ученици<br><br>**МНОГУ ДОБРО**<br><br>Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби ја изведуваат главно раководителот на паралелката, предметните наставници, стручната служба и Инклузивен тим. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку реализација на редовната, додатната, дополнителната настава и индивидуална со стручна служба и Инклузивен тим. Сите наставници кои имаат ученици со посебни потреби изработуваат индивидуален образовен план ИОП.<br><br>Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници преку оценки, лична евиденција и проценка од секој наставник одделно, како и од прегледите на наградени ученици. За надарените и за сите заинтересирани ученици кои сакаат да ги прошират и продлабочат знаењата по одделни воспитно-образовни подрачја се организираат часови за додатна настава, која е и законска обврска на наставниците. Хоризонталното следење е континуирано во секоја година со давање на извештаи и дискусија од одделенските наставници и сите останати наставници за постигнатиот успех и поведение. Сите податоци се внесени во педагошката документација, дневници, Е - дневник и главни книги. Вертикалното следење на учениците е со повратна информација од средните училишта за упис на учениците во прва година средно образование и крајниот успех на прва година- дали има ученици кои ќе ја повторуваат учебната година. Ваквите податоци може да се најдат кај психолошко - педагошката служба. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкети со родители | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Податок: Анкетирани се вкупно 241 родител.<br>Поголем број од родителите се согласуваат (42%) или целосно се согласуваат (37%) со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивото дете. Незначителен број од родителите не се согласуваат (15%) или целосно не се согласуваат (5%) со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивото дете. Незначителен број од родителите 2% не знаат или немаат информација за тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивото дете.<br><br>Најголем број од родителите (47% ) се согласуваат со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете, или целосно се согласуваат со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете (37% ), незначителен број од родителите 11% не се согласуваат со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете, незначителен број од родителите 4% целосно не се согласуваат со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете, незначителен број од родителите 2% не знаат или немааат информација за тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете.<br><br>Најголем број од родителите  целосно се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете (56%) , или  се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете(41%), незначителен број од родителите 2% не се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете, незначителен број од родителите 1% целосно не се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете.<br><br>**Многу добро**<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигнувањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.<br>Родителите се навремено информирани за активностите на наставникот преку индивидуални средби, родителски средби, е-дневник, преку неформални групи или |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>телефонски контакти.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td>Записници од советувања на родители/старатели и ученици</td><td>Редовност во наставата</td><td>Навремено информирање на родителите/старателите за отсуствата од настава на нивните деца, одржување на индивидуални и вонредни родителски средби за учениците со поголем број отсуства од настава. Податоците за отсуствата на учениците се доставуваат до стручната служба која понатаму презема дополнителни активности преку повикување на родителите на советување.<br><br>Статистика на изостаноци на ученици по пол и националност за учебната 2022/2023 година:<br>Македонци<br>• Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 7867 и од страна на женски ученички има 6318 (14185 вкупно)<br>• Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 164 и од страна на женски ученички има 797 (961 вкупно)<br>Роми<br>• Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 1037 и од страна на женски ученички има 891 (1928 вкупно)<br>• Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 1054 и од страна на женски ученички има 1174 (2228 вкупно)<br>Турци<br>• Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 650 и од страна на женски ученички има 367 (1017 вкупно)<br>• Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 555 и од страна на женски ученички има 343 (898 вкупно)<br>Власи<br>• Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 204 и од страна на женски ученички има 129 (333 вкупно)<br>• Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 2 (2 вкупно)<br>Други националности</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | • Оправдани изостаноци од страна на женски ученички има 89 (89 вкупно)<br><br>**Статистика на изостаноци на ученици по пол и националност за учебната 2023/2024 година:**<br>**Македонци**<br>• Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 9273 и од страна на женски ученички има 7510 (16783 вкупно)<br>• Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 241 и од страна на женски ученички има 338 (579 вкупно)<br>**Роми**<br>• Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 1481 и од страна на женски ученички има 1478 (2959 вкупно)<br>• Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 3348 и од страна на женски ученички има 1699 (5047 вкупно)<br>**Турци**<br>• Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 904 и од страна на женски ученички има 849 (1753 вкупно)<br>• Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 12 и од страна на женски ученички има 11 (23 вкупно)<br>**Власи**<br>• Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 314 и од страна на женски ученички има 165 (479 вкупно)<br>• Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 4 (4 вкупно)<br>Од статистичките податоци кои се приложени се гледа дека бројот на изостаноци се зголемува и покрај преземаните активности од страна на одделенските раководители и стручната служба.<br><br>**Ниво на постигнување - добро**<br>Одделенските раководители системски ја следат редовноста на учениците, ги анализираат причините за отсуство од наставата и преземаат конкретни активности. Соработуваат со родителите/старателите, стручната служба која потоа би тербало да соработува со соодветните институции: МТСП, центри за социјална работа, локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | во наставата. Мерките кои ги презема училиштето за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории делумно даваат резултати. |
| Извештаи од стручни соработници | Советување на родители/старатели и ученици | **Ниво на постигнување - добро**<br>Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Училиштето не врши анализа дали советувањата на родители / старатели резултираат со подобрување на постигнувањата на учениците, само дали имаат ефекти врз редовноста на учениците.<br>Советувањето на родителите и учениците се реализира според посебна Програма за советување на родители на ученици во основните училишта и истата е составен дел од Годишната програма на училиштето. Советувањето по правило се врши во групи составени од родители на ученици кои нередовно или воопшто не ја посетуваат наставата. Родителите за време на советувањето не се само слушатели, туку активно учествуваат во сите фази, што значи на родителите им се овозможува и тие да споделуваат и разменуваат искуства за надминување на проблемите, градење на доверба и развивање на партнерски однос училиште - родители. |
| Анкети со ученици | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Анкетирани се вкупно 213 ученици.<br><br>Најголем број од учениците целосно се согласуваат (61%) или се согласуваат (32%) со тврдењето дека нивните родители/старатели постојано се известувани за нивниот напредок во училиштето. Незначителен број од учениците 3% не се согласуваат со тврдењето дека нивните родители/старатели постојано се известувани за нивниот напредок во училиштето, незначителен број од учениците 2% не знаат или немаат информација за тврдењето дека нивните родители/старатели постојано се известувани за нивниот напредок во училиштето, незначителен број од учениците 1% целосно не се согласуваат со тврдењето дека нивните родители/старатели постојано се известувани за нивниот напредок во училиштето.<br><br>Најголем број од учениците целосно се согласуваат (48%) или се согласуваат (40%) со тврдењето дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех. Незначителен број од учениците 7% не се согласуваат со тврдењето |

| | | |
|---|---|---|
| | | дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех, незначителен број од учениците 4% целосно не се согласуваат со тврдењето дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех, незначителен број од учениците 1% не знаат или немаат информација за тврдењето дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех.<br><br>Поголем број од учениците се согласуваат (36%) или целосно се согласуваат (27%) со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот на нивно барање наставниците организираат дополнителна настава. Незначителен број од учениците 23% не се согласуваат со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот на нивно барање, наставниците организираат дополнителна настава, незначителен број од учениците 8% целосно не се согласуваат со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот на нивно барање, наставниците организираат дополнителна настава, незначителен број од учениците 6% не знаат или немаат информација за тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот на нивно барање,наставниците организираат дополнителна настава.<br><br>Најголем број од учениците целосно се согласуваат (46%) или се согласуваат (39%) со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различен начин. Незначителен број од учениците 9% не се согласуваат со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различен начин, незначителен број од учениците 5% целосно не се согласуваат со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различен начин, незначителен број од учениците 1% не знаат или немаат информација за тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различен начин.<br><br>Поголем број од учениците се согласуваат (30%) или целосно се согласуваат (29%) со тврдењето дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите наставниците им нудат додатни часови. Незначителен број од учениците не се согласуваат со тврдењето дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите наставниците им нудат додатни часови (24%), незначителен број од учениците 8% целосно не се согласуваат со тврдењето дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите наставниците им нудат додатни часови, незначителен број |

| | | |
|---|---|---|
| | | од учениците 8% не знаат или немаат информација за тврдењето дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите наставниците им нудат додатни часови.<br><br>**Ниво на постигнување - добро**<br>Најголемиот број наставници користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Потребно е зајакнување на реализацијата на дополнителната и додатната настава, особено во предметна настава. Училиштето не ги анализира резултатите од дополнителната и/или диференцираната настава од аспект на придонес кон постигањата. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Силни страни** |
|---|

| |
|---|
| • Редовно се врши идентификување и поддршка на учениците со потешкотии во училиштето од страна на наставниците, стручни соработници и образовни асистенти.<br>• Редовно се врши идентификување и поддршка на надарени ученици од страна на наставниците.<br>• Сите наставници по сите наставни предмети кои работат со деца со попреченост се запознаени со процедурата за изработка на ИОП и ПОП и истите изработуваат полугодишен и годишен извештај за овие ученици.<br>• Добар процент на родители користат е-дневник и имаат редовен увид во постигањата на учениците.<br>• Одделенските раководители системски ја следат редовноста на учениците, ги следат причините за изостаноците и превземаат конкрени активности .<br>• Постои добра соработка меѓу наставниците и родителите (се одржуваат редовни родителски средби, по потреба и вонредни родителски средби), индивидуално информирање за сумирање на информации од страна на стручна служба за редовноста на учениците.<br>• Јавно промовирање и наградување на учениците кои се истакнуваат на натпревари и друг вид на манифестации и активности. |
| **Слаби страни**<br>• Недостаток од материјали/ надгледни средства за работа со ученици со попреченост и со надарени ученици.<br>• Недостаток на стручен кадар (специјален едукатор и рехабилитатор, логопед) за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br>• Училиштето ги собира и обработува статистички податоците за успехот на учениците, но не ги користи за понатамошно подобрување.<br>• Недоволна реализација на дополнителни часови на барање од учениците. |
| **Приоритети**<br>• Обезбедување ресурси за работа со надарени ученици<br>• Обезбеување стручен кадар (специјален едукатор и рехабилитатор, логопед) за работа со ученици со посебни образовни потреби<br>• Развивање стратегија за следење на постигањата на учениците при преминот од еден квалификациски период во друг.<br>• Следење на ефектите од советувањето на родителите.<br>• Подобрување на реализацијата на дополнителната и додатната настава. |

**Самоевалуација на ООУ „Тошо Арсов“ - Штип** **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|

| |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Кодекс на однесување; анкети/интервју а со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето во национални и | **Углед/имиџ на училиштето** | **Многу добро**<br>ООУ „Тошо Арсов“ е училиште во кое се создава позитивна средина кое обезбедува можности за стектување знаења и вредности преку квалитетно образование и подобрени услови за работа почитувајки ги разликите и стимулирајќи ги индивидуалните способности на учениците. Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето планира и реализира разновидни вонпаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој на секој ученик. Воннаставните активности се реализираат и афирмираат преку: ученички натпревари, екскурзии, манифестации при обележување на значајни датуми и празници, секции/клубови од наставните предмети и други интереси на учениците, клубови за личен и социјален развој, секции за спорт и рекреација и друго.<br>За афирмирање на воннаставните активности се користат социјалните мрежи, огласната табла на училиштето, пано со пофалби, дипломи и трудови на учениците, на настапи како и на локални и национални медиуми и сл. Поголемите настани во училиштето се медиумски се покриени од локалните медиуми (најчесто со М-нет). Училиштето ги повикува медиумите на специфични настани како креирање на снезорна соба, за патронати во кои учествуваат секциите и клубовите, за афирмација на проекти. На нациналнo ниво училиштето соработува со МТВ и го афирмираше училиштето и воннаставните активности на емисијата Голем одмор.<br>**Од Интервју со директор:**<br>Од март 2024 се формираше тим кој ќе работи на дигитални содржини за афирмација на училиштето. Се постави одговорен наставник за работа со профилите на училиштето (Игор Христовски), за уредување на текстови и креирање содржини (Даниела Иванова). |

| | | |
|---|---|---|
| локални медиуми и на социјалните мрежи; решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи) | | Одговорен наставник за уредување на web страницата на (Добрила Ренџова).<br>**СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ НА УЧИЛИШТЕТО:**<br>Веб страница на училиштето https://ooutosoarsov.edu.mk/<br>Официјален Facebook профилот на училиштето https://www.facebook.com/toso2arsov<br>Официјален Instagram профил на училиштето https://www.instagram.com/ou.toso.arsov.stip?igsh=bTJhM3Q1Z2JhbnJv<br>**ОСОБЕНИ ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИ**:<br>Училиштето има изградено и систем на промовирање на постигнувањата на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина преку Правилник за видовите пофалби и награди на учениците кои придонесуваат за афирмирање на училиштето.<br><br>Избор на првенец на генерацијата дел бр. 0803-518/1од 07.10.2019г.<br>Постапката за изборот на првенец на годината се спроведува од страна на комисија, по претходно утврдени критериуми и стандарди.Комисијата објавува конкурс каде може да се пријават учениците,да бидат пријавени од страна на одделенскиот родител исто така и од предметните наставници.Се состанува комисијата каде се разгледуваат и бодираат предложените ученици и се избира ученик првенец на генерација чиј избор се потврдува на наставнички совет.<br>**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР**:<br>Прашање 3.1 – Нашето училиште во локалната средина е препознатливо и уникатно по „Фондацијата Љупчо и Тошо Арсови“ кој распишува конкурси на општинско ниво и финансира награди за учениците и нивните ментори со што се постигнува стимулативна средина. Нашето училиште е препознатливо и по наставата која се изведува на турски јазик во подрачното училиште во с. Почивало, со која училиштето имаат можност да учествуваат во разни мултиетнички активности и проекти. Нашето училиште во локалната средина е препознатливо по реализција на хуманираните акции и постигнувањата на учениците за што показател е споредбената анализа на успехот на учениците од средното образование. Постигањата се промовираат преку социјалните мрежи, огласната табла на училиштето, пано со пофалби, дипломи и трудови на учениците, локални и национални медиуми и сл. Првенецот на генерација секоја учена година по изборот на полуматурската прослава добива симболичен подарок од директорот. Се афирмираме со различни воннаставни активности: Драмскиот клуб, Клуб на Црвен крст, Клуб на млади библиотекари, Ликовна секција, Клубови за спортски активности (ракомет, одбојка, кошарка, фудбал и футсал). |
| | **Кодекс на однесување** | **Многу добро**<br>Во училиштето има Кодекс/Правилник за однесување на сите структури. Кодексот ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | содржи принципите и правилата за однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор и сите останати вработени во училиштето.<br>Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Училиштето во соработка со наставниците и родителите го одобрува- од страна на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор донесува одлука за усвојување на истиот. Кодексот и делови од правилата се истакнати на видливи места, во холот, ходниците и во помал формат во училниците на училиштето. Со нив се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците, родителите и сите останати вработени во училиштето. Кодексот за однесување на наставниците, учениците и родителите се презентира секоја учебна година на првиот училишен ден и на родителски средби, а неговата одржливост се постигнува со постојано насочување на учениците кон неговите принципи и правила на однесување, а исто така и преку работилници опфатени со ОЖВ наставната програма.<br>Училишниот одбор на училиштето, во соработка со наставниците и родителите усвои и донесе: Правилник за општи норми и кодекс за етничко однесување на учениците, родителите, наставниците, стручните соработници и останатите вработени во училиштето- Под архивски бр.0201-559/1 од 22.12.2023 година. Доказ за тоа дека постојано се дополнува и ревидира Кодескот на однесување се и последните промени донесени на локално/општинско ниво каде се усвоија Општи правила и норми за однесување во училиштата на ново на општина со кои беше дополнет и ревидиран нашиот Правилник.<br>Во училиштето се превземаат мерки за справување со сите видови на непочитување на Кодексот/Правилникот за однесување, и превенција за сите појави на врсничко насилство. Во правилникот во делот Завршни одредби има неведено мерки за непочитување на одредбите од кодексот. (Не се евидентирани примери за прекршување на кодексот, нема дисциплински постапки) Примери од спроведена практика:Според новите измени од правилникот секој понеделник пред почетокот на наставата се инторнира македонската химна и се подигна свеста за дрес -кодот во училиштето. По ревидирањето на кодескот истиот беше презентиран на наставниците и учениците. Училиштето има воспоставено редовни процедури за ажурирање на содржината на кодексот на однесување, кој ги вклучува сите засегнати страни и контонуирано ги ревидира одредбите за кои ќе се појави потреба.<br><br>Со формирањето на Еко-одборот и вклучување на училиштето во реализирање на програмата еко училиште беше создаден и промовиран Еко-кодексот. Истиот е истакнат на видно место во холот на училиштето. Еко –кодексот е изготвен од еко одборот, а е поврзан со Еко-програмата.<br>**Прашалник за наставници** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Прашање 29:** Од анкетирани 47 наставници Поголем број 43% се согласуват и 11% целосно се согласуват дека имаат учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето. Мал број 38% не се согласуваат и незначителен број 4%целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација дека имаат учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето.<br>**ФОКУС ГРУПА НАСТАВНИЦИ**: 4 од одделенска настава, 5 од предметна настава и стручен соработник. На прашањето дали учествувале сите во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето, истакнаа дека учествувале само 4. На прашањето како учествувале посочија дека биле ставени во комисија за изработка на правилникот/кодексот. Според изјавите на двајца наставници кои не учествувале во изработка на кодексот посочија дека се сеќаваат на наставнички совет кога било побарано мислење од сите наставници по презентирање на истиот и потврдија дека иако како поединци не учествувале во креирање на истиот сепак глобално биле запознаени со правилата пред нивно донесеување и имале можност да дадат свои предлози и мислење.<br>Заклучок: прашањето од анкетниот прашалник дали имаат учествувано во изработка на кодекс е некоректно поставено бидејќи пренасочува/ алудира на буквално учество во изработка на правилата. При креирање на Правилници директрот креира тимови за изработка во кој не може да учествуваат сите наставници, но сепак разгледуваат и учествуваат на наставнички совет со давање на мислења и предлози.<br>**Прашање 30**: Од анкетираните 47 наставници Поголем број 53% се согласуват и 23%целосно се согласуват дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување. Незначителен број 17% не се согласуваат и незначителен број 4% целосно не се согласуват и 2% не знаат или немаат информација дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување.<br>**Прашалник за родители:**<br>Прашање 25: Од анкетирани 241 родител поголем број 51% целосно се согласуваат дека се запознаени со кодексот на однесување во училиштето, мал број 43% се согласуват, незначителен број само 4% не се согласуваат, 1% целосно не се согласуваат и 1% не знаат и немаат информација дека се запознаени со кодексот на однесување во училиштето.<br>Прашање 26: Од анкетирани 241 родител голем број 39% се согласуваат и 26% целосно се согласуваат дека имааат можности да придонесат за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување, Незначителен број 3% целосно не се согласуваат и незначителен бр.17% не се согласуваат, а незначителни 15% не знаат или немаат информација дека имааат можности да придонесат за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување.<br>**Прашалник за ученици** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Прашање 34:Од анкетираните 213 ученици Поголем број 38% целосно се согласуваат и 40% се согласуваат дека во одделението/училиштето имаат донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваат. Незначителен број 14% не се согласуваат, само 6% целосно не се согласуваат и незначителен број 3%не знаат или немаат информација дека во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме.<br>Прашање 35: Од анкетираните 213 ученици Најголем број 49% целосно се согласуваат и 43% се согласуваат дека се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето. Незначителен број 4% не се согласуваат, 1% целосно не се согласувам и 3% не знаат или немаат информација дека се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето. |
| | **Училишна клима** | **Многу добро**<br>Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето. Поголем број од наставниците се согласуваат дека во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки. Поголем број од наставниците истакнуваат дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. Исто така поголем број од учениците изјавиле (во анкетите) дека во училиштето се чувствуваат сигурно и безбедно, прифатено од другите ученици како и прифатено и почитувано од наставниците. Родителите во поголем број исто така изјавиле дека нивните деца се прифатени и почитувани од наставниците и од соучениците. Сите учесници во училиштето се вклучени во активностите во училиштето преку организирање на настани за одбележување на за празници (Велигденски базар, Новогодишни работилници..) со вклучување на родителите и учениците во истите.<br>Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Поголем број од наставниците се изјасниле дека добро соработуваат со колегите во училиштето. Наставниците работат тимски во комисии и тимови. Постои професионална соработка меѓу вработените кое се докажува и со избраната и оддржаната обука на ниво на училиште во рамки на професионалниот развој, 19.8 и 20.8.2024 тема „Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство“) како доказ дека постојано се работи на подобрување на меѓусебната професионална соработка меѓу наставниците. Професионална е соработката меѓу сите вработени во училиштет, во годишната програма има програма за соработка на сите структури во училиштето од која се реализираат повеќе активности. Во училиштето нема закани, говор на омраза, пишани графити со негативни пораки. Се работи на меѓусебно почитување, навремено се советуваат оние кои не |

| | | |
|---|---|---|
| | | почитуваат правила, но сепак незначителен број ученици во анкетните листови наративно посочуваат меѓусебни провокации, вербални навреди. Средината за учење ги мотивира учениците и поголем број истакнуваат дека сакаат да одат на училиште, а родителите во поголем број го потврдуваат истото.<br>Во училишето постои Тим за односи на сите структури во училиштето (Директор, стручни соработици, претседатели на стручни активи од одделенска настава и предметна настава, претседател на Синдикална организација, претседател на Училишен одбор, претседател на Совет на родители, претседател на Училишна заедница, помошно – технички персонал.) Овој тим има свој план за работа кој е дел од Годишната програма.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ:**<br>Прашање 3.47 - Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки. Од вкупно 47 наставника, Поголем број се согласуваат 30 испитаници -64 % и целосно се согласуваат-11 испитаници-23%. Незначителен број не се согласуваат 6 испитаника или само- 13%.<br>3.33- Добро соработувам со колегите во училиштето. Од вкупно 47 анкетирани наставници, Поголем број се согласуваат 29 испитаници - 62%, и целосно се согласуваат 17 испитаници -36 %. Незначителен број немаат информација 1 испитаник-2%.<br>Прашање 3.31 - Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. Од вкупно 47 анкетирани, Поголем број од наставниците се согласуваат 30 испитаници - 64% и целосно се согласуваат- 8 испитаници-18 %. Незначителен број не се согласуваат 8 - 18% .<br>Прашање 3.32 – За време на моите часови има добра работна атмосфера. Од вкупно 47 анкетирани, Поголем број се согласуваат 29 испитаници -62 % и целосно се согласуваат 17 испитаници –36 %. Незначителен број немаат информација, 1 испитаник-2%.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:**<br>Прашање 3.27- Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците. Од вкупно 241 анкетирани, Поголем број целосно се согласуваат 116 испитаници - 48%, се согласуваат 100 испитаници - 41%, Незначителен број не се согласуваат 20 испитаници - 8% , целосно не се согласува 2 испитаник – 2%, немаат информација 3 испитаници – 1%.<br>Прашање 3.28- Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците. Од вкупно 241 анкетирани, Поголем број целосно се согласуваат 109 испитаници - 45%, се согласуваат 113 испитаници - 47%. Незначителен број 12 испитаници не се согласуваат - 1% , целосно не се согласува 7 испитаника – 2%.<br>Прашање 2.29- Моето дете сака да оди на училиште. Од вкупно 241 анкетирани родители, Поголем број целосно се согласуваат 114 испитаници - 47%, се согласуваат 108 испитаници - 45%. Незначителен број 13 испитаници не се согласуваат - 5% , целосно не се согласува |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6 испитаника – 2%.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:**<br>Прашање 3.29- Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. Од вкупно 213 анкетирани, Поголем број целосно се согласуваат 89 испитаници - 42% и се согласуваат 81 испитаници – 38 %. Незначителен број не се согласуваат 29 испитаници - 13% , целосно не се согласува 12 испитаник – 6%, немаат информација 2 испитаници – 1%.<br>Прашање 3.30- Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици. Од вкупно 213 анкетирани, Поголем број целосно се согласуваат 88 испитаници - 41%, и се согласуваат 89 испитаници - 42%. Незначителен број не се согласуваат 26 испитаници - 12% , целосно не се согласува 8 испитаник – 4%, немаат информација 2 испитаници – 1%.<br>Прашање 3.31- Се чувствувам прифатено и почитувано од наставниците. Од вкупно 213 анкетирани, Поголем број целосно се согласуваат 97 испитаници - 44%, а се согласуваат 92 испитаници - 43%. Незначителен број не се согласуваат 19 испитаници - 8% , целосно не се согласува 8 испитаник – 3%, немаат информација 7 испитаници – 2%.<br>Прашање 3.32- Сакам да одам на училиште. Од вкупно 213 анкетирани ученици, Поголем број целосно се согласуваат 71 испитаници - 33% и се согласуваат 84 испитаници - 39%. Незначителен број не се согласуваат 34 испитаници - 11% , целосно не се согласува 28 испитаник – 13%, немаат информација 6 испитаници – 3%. |
| | **Поведение и дисциплина во училиштето** | **Многу добро**<br>Училиштето има куќен ред под арх. бр. 0201-559/1 од 22.12.2024 година и го почитуваат сите ученици и вработените.<br>Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, каде по распоред секојдневно има дежурни наставници во секој хол. На вратата има дежурни службители за контрола на влезот. Вработените се грижат за приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.<br>Проширената програма во училиштето опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава за учениците во прво, второ и трето одделение, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.<br>Во училиштето се реализира дополнителна и додатна настава, вонаставни активности и вонучилишни активности. За проширена програма спроведена е генерална анкета за родителитеспоред која родителите се изјаснија дека немаат потреба од организација и |

| | | |
|---|---|---|
| | | реализација на проширена програма, а тоа се должи на фактот дека учениците посетуваат целодневна настава организирана од страна на детските градинки во близина на нашето училиште, затоа училиштето не се реализира ниту продолжен престој.<br>Вработените внимаваат на учениците и во училиштето и во негова близина и надвор од него. Според спроведената анкета поголем број од родителите и учениците се изјасниле дека Училиштето го чувствуваат како безбедна средина за нивното дете и децата се чувствуваат бебедно и сигурно. Во училиштето постои Правилник за изрекување педагошки мерки со архивски број 0803-518/2 од 07.10.2019 година. Пред изрекување на педагошката мерка се формира тим за ученикот и се преземаат превентивни мерки, а тимот го следи ученикот и по изрекувањето на педагошката мерка за да се надминат проблемите и потешкотиите кај ученикот за што е изречена педагошката мерка. Најголем број од учениците се со примерно поведение.<br>Дисциплината во училиштето се одржува преку:<br>Етичкиот кодекс на однесување на директорот, наставниците, стручните соработници, помошно-техничкиот персонал, учениците и родителите;<br>Правилник за однесување на ученици, наставници и родители во училиштето и училишниот двор;<br>Правилник за заштита и зачувување на училишниот инвентар, користење на компјутерите и надоместок на штета врз училишниот инвентар и компјутерската опрема;<br>Правилник за изрекување на педагошки мерки;<br>Правилник за регулирање изостаноци на учениците;<br>Протокол за постапување во случај на попречување на воспитно-образвната работа во паралелката од страна на ученик<br>Протокол за пријавување на инциденти и следење<br>Распоред на работни задачи на помошно –технички персонал;<br>Распоред за дежурства на наставници;<br>Куќен ред.<br>**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР:**<br>Генерално работната дисциплина за време на часовите и воннаставните активностие на високо ниво, според посетени часови од директор и стручна служба, според незначителен број записници од пријавени инциденти на час, но во исклучителн случај (незначителен број) се вклучува и педагошко-психолошката служба. Дициплината на одморите е на високо ниво. За време на одморите дежурните наставници се грижат за редот, дисциплината и безбедноста на учениците. Дежурни се наставниците по распоред како и помошно-техничкиот персонал.<br>**ИНТЕРВЈУ СО ПСИХОЛОГ:** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според интервјуто со психологот се констатира дека пред изрекување на педагошката мерка се формира тим за ученикот и се преземаат превентивни мерки, а тимот го следи ученикот и по изрекувањето на педагошката мерка за да се надминат проблемите и потешкотиите кај ученикот за што е изречена педагошката мерка. Најголем број од учениците се со примерно поведение.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:**<br>Прашање 3.0- Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете. Од вкупно 241 анкетирани, Поголем број се согласуваат 112 испитаници - 46% и целосно се согласуваат 100 испитаници - 42%. Незначителен број не се согласуваат 22 испитаници – 9 % , целосно не се согласува 4 испитаник – 2%, немаат информација 3 испитаници – 1%.;<br>Прашање 3.30- Училиштето добро се справува со дисциплината. Од вкупно 241 анкетирани родители, Поголем број се согласуваат 110 испитаници - 45%, и целосно се согласуваат 73 испитаници - 30%. Незначителен број не се согласуваат 34 испитаници - 15% , целосно не се согласува 10 испитаник – 4%, немаат информација 14 испитаници – 6%.;<br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:**<br>Прашање 3.29- Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. Од вкупно 213 анкетирани, Поголем број целосно се согласуваат 89 испитаници - 42% и се согласуваат 81 испитаници – 38 %. Незначителен број не се согласуваат 29 испитаници - 13% , целосно не се согласува 12 испитаник – 6%, немаат информација 2 испитаници – 1%. |
| | **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми** | **Многу добро**<br>Во училиштето функционира Ученички парламент (Конституирање на ученички парламент, (Одлука бр. 0803-441/2 од 05.10.2023 кој го одразува етничкиот состав на училиштето. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес, за Новогодишна забава која ја организира парламентот, за хуманитарни акции, за приредби, одбележувања, базари, за информации позврзни со полуматура и сл. Според претседателот на Ученичкиот парламент информациите се споделуваат најчести усно, на класен час или пак во затворени групи на паралеките на социјалните мрежи и најчесто информациите ги споделува претседателот или заменик -претседателот на паралеката. Учениците преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки. Учениот парламент во учебната 2023/2024 активно се вклучи во проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ преку што реализираше низа активности за подобрување на вклученоста на учениците во одлучувањето. Преку проектот ученичкиот парламент посети низа работилници од надворешен локален ментор и работилници одржани од наставниците од училиштето за темата „Стоп за насилство /булинг“. Ученичкиот парламент предлага и |

| | | |
|---|---|---|
| | | спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат 4 реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент - 1.Настава без мобилни телефони, каде учениците самостојно иницираа да се поставаат панели во училниците за да ги оставаат мобилните телефони за време на настава. Ученичкиот парламент на своја иницијатива изработи катче 2.„Потсетвување за добро однесување“. Ученичкиот парламент иницираше и 3.Поставување на безбедносни камери во училиштето на влезот за поголема контрола. Четвртата иницијатива беше дебата со градоначалникот „Вклучи се за промени-учи промени” каде учениците од парламентот направија анкета од прашања и проблеми кои ги мачат учениците и побараа одговори од градоначалникот и даваа и свои предлози за позитивни промени во заедницата и училиштето. На иницијатива на учениците беше поставена ограда на каналот од страна на градоначалникот и беше обележан пешачки премин кај маркетот од кој купуваат учениците, а се обновија и двете надворешни игралишта позади училиштето (сите овие предлози беа дадени од страна на учениците во дебатата со градоначалникот). Од оваа дебата произлезе и петата ученичка иницијатива која се однесува на креирање простор за ученички парламент (амфитетар) во соработка со Фондација за развој на локална заедница. Ученичкиот параламент ја поднесе во тек е изработка на истата. Учениците членови на ученичкиот парламент се покануваат да присуствуваат на состаноци на Училишен одбор (Покани) и на работата на другите стручни тела во училиштето, но според записниците учениците не присуствуваат на истите.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:**<br>Од анкетирани 213 ученици по случаен избор Поголем број ученици, 34% целосно се согласуваат и 45% се согласуваат со тврдењето дека ученичката заедница од нивното одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето. Незначителен број ученици - 12%, не се согласуваат со истото тврдење и 8% од учениците не знаат/немаат информација за истото тврдење.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ:**<br>Од анкетирани 47 наставници Поголем број, 53% целосно се согласуваат со тврдењето дека ги мотивираат учениците да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес. Мал број број од наставниците 43% се согласуваат со истото тврдење, а незначителен број од наставниците, 4 % не се согласуваат со тврдењето .<br>**Интервју со стручни соработници и директор:** На иницијатива на Ученичкиот парламент беа спроведени неколку активности: хуманитарни и вонучилишни активности. Претставници од ученичкиот парламент се поканети и присуствуваат на состаноците на Училишен одбор. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| Анкета и разговори со ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките; записници од работата на УИТ Училишен тим за интеграција; дневник за работа на | **Познавање и почитување на правата на децата** | **Многу добро**<br>Во училиштето, ученичкиот правобранител ги промовира правата на децата преку едукативни - врснички работилници и обезбедува заштита за почитување на правата на сите ученици. Ученичкиот правобранител има двајца заменици. Стручната служба, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Наставниците органзираат настани по повод недела на детето, ги презентираат правата на децата на час за одделенска заедница преку програмата ОЖВ, ја презентираат Конвенцијата на правата на децата, наставниците прават работилници за правата на децата и истакнуваат хамери и налепници со правата на децата во училниците или во холот. Стручната служба, наставниот кадар и вработените ги охрабруваат учениците да ги знаат и практикуваат своите права и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата (презентации и работилници).<br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:**<br>Од анкетирани 213 ученици Поголем број од учениците, 53% целосно се согласуваат со тврдењето дека кога имаат потреба од помош, можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник. Мал број, 39% од учениците се согласуваат со ова тврдење. Незначителен број ученици, 6% не се согласуваат со ова тврдење и 2% не знаат/немаат информација за истото.<br><br>Поголем број од учениците, 45% целосно се согласуваат и 42% се согласуваат со тврдењето дека знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права. Незначителен број ученици само 10% не се согласуваат со истото тврдење и незначителен број ученици, 3% не знаат/немаат информација како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ:**<br>Од анкетирани 47 наставника Поголем број од наставниците, 51% се согласуваат и мал број, 13% целосно се согласуваат со тврдењето дека реализираат работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата. Мал број од наставниците, 32% не се согласуваат со тврдењето и незначителен број наставници, 4% не знаат/немаат информација за истото тврдење.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:**<br>Од анкетирани 241 родител се констатира дека Поголем број од родителите, 23% целосно |

| | | |
|---|---|---|
| стручните соработници; оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација | | се согласуваат и 37%, се согласуваат со тврдењето дека биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето. Незначителен број родители, 22% не се согласуваат со тврдењето и незначителен број родители, 18% не знаат/немаат информација за истото тврдење.<br>**Фокус група на родители** (8 родитела од V-IX одд. и од кои два родитела од Советот на родители):Училиштето редовно не вклучува во активности поврзани со правата на децата (се формираат таргет група родители од неколку паралелки). Заклучок: презентирани се правата на децата само на таргет групи родители. Се наметнува тенденција тие таргет групи да се прошират и активностите/презентациите за правата на децата да се организираат во рамките на секоја паралелка на родителските средби.<br>**Интервју со стручни соработници и директор:** Учениците најчесто се обраќаат на правобранителот и на неговите заменици за теми поврзани со правата на децата. Ученичкиот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки/жалби од учениците и доставува претставки до директорот и училишниот одбор според пропишана процедура. |
| | **Еднаков и правичен третман на сите ученици** | **Многу добро**<br>Училиштето се стреми да промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Поголем број од учениците целосно се согласуваат или се согласуваат дека умеат да препознат нееднаков третман и знаат каде може да се обратат. По остварен разговор со службата утврдено е дека училиштето навремено реагира доколку некој ученик се пожали на нееднаков третман. **Од интервју со психологот:** Доколку некој од учениците се пожали на нееднаков третман, психологот најпрво реализира индивидуални разговори со секоја од засегнатите страни. Доколку проблемот меѓу учениците не се реши, се повикува родител/старател и се разговара со дадени насоки или совети за резрешување на конфликтот. Евидентирани се три такви случаи.<br>**Прашалник за ученици**:<br>Прашање 36: Од анкетираните 213 Поголемиот број 48% целосно се согласуваат и 30% се согласуваат дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици. Незначителен број 14% не се согласуваат и 5% целосно не се согласуваат и 3 % не знаат и немат информација дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици.<br>Прашање 37: Од анкетираните 213 ученици Поголем број 48% целосно се согласуваат и 38% се согласуваат дека учениците имаат еднакви можности за учество во активностите во училиштето. Незначителен број 8% не се согласуваат и 5 % целосно не се согласуваат и 1 % не знаат или немаат информација дека учениците имаат еднакви можности за |

| | | |
|---|---|---|
| | | учество во активностите во училиштето.<br>Прашање 38: Од анкетираните 213 ученици Најголем број 54% целосно се согласуваат, 41 % се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици. Незначителен број само 2 % не се согласуваат, 2% целосно не се согласуваат и 1% не знаат или немаат информација дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици.<br><br>**Прашалник за родители:**<br>Прашање 32: Поголем број 49% целосно се согласуваат, и 43% се согласуваат дека нивното дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици. Незначителен број 5% не се согласуваат и 1 % целосно не се согласуваат и 2 % не знаат или немаат информација дека нивното дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици.<br>Прашање 33: Поголем број 39% целосно се согласуваат, и 39% се согласуваат дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици. Незначителен број 8% не се согласуваат и 8 % целосно не се согласуваат и 5 % не знаат или немаат информација дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици.<br>Прашање 34: Поголем број 51% целосно се согласуваат, и 44% се согласуваат дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго. Незначителен број 4% не се согласуваат и 1 % целосно не се согласуваат дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго.<br>Прашање 35: Поголем број 28% целосно се согласуваат, и 45% се согласуваат дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците. Незначителен број 10% не се согласуваат и 5 % целосно не се согласуваат и 13 % не знаат или немаат информација дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците.<br><br>Училиштето во својата годишна програма има вклучено програма за еднаквост-интеграција на родова рамноправност во воспитно- образовниот процес (П-39). Се овозможува еднаква застапеност на машки и женски ученици при формирање на паралелките од прво одделение и еднаква застапеност на учениците од различни националности. Во училиштето има изготвено акциски план за родова еднаквост, како и интерактивни |

| | | |
|---|---|---|
| | | работилници и дебати на тема за дискриминација во основното образование кои се реализираат во текот на целата учебна година. Во училиштето има УИТ -Училишен инклузивен тим кој работи на инклузијата и вклученоста на сите ученици(Во годишната програма постои програма за работа на УИТ). Одбележувањето на патрониот празник на училиштето во 2024 година беше насочен токму кон инклузијата под мото „Визија, инлизија, фузија“ каде учениците изведуваа точки токму за еднаков третман и прифаќање сите. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; анкета/интервју со претставник на локалната заедница; статут на училиштето; интернет-страница на училиштето; | **Соработка на училиштето со родителите/ старателите** | **Многу добро**<br>Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма најчесто во затворени групи на социјалните мрежи, но и јавните профили на социјалните мрежи како и веб.страницата: https://ooutosoarsov.edu.mk/, https://www.facebook.com/toso2arsov<br>Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Иако родителите даваат усни предлози на родителските средби и на Совет на родители за подобрување на состојбите во училиштето, за подобрување на квалитеттот на наставата и за позитивни промени, сепак во училиштето не постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/ старателите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето (Записници од родителски средби, Записници од Совет на родители). Кога родителите даваат усни предлози истите се споделуваат на совет кога се реферира за повратни информации од родителски средби.<br>Од прегледаните записници од родителските средби, одделенските раководители ги известуваат родителите за тековните активности во училиштето. Најчесто ги информираат за календарот на организација за работа на основните училишта во тековната година, за наставниот план и програма, за интерните акти во училиштето. На почетокот на учебната година се делат учебниците и се даваат изјави да се потпишат за примени учебници. Се информираат родителите за списанија и за осигурување на учениците. Доколку некој родител сака промена на член на Совет на родители, може да се направи промена за време на родителската средба. Одделенскиот наставник исто така ги информира родителите за излети, екскурзии и настава на учениците во природа кои ќе се одржуваат во текот на учебната година. Во прво тримесечје, на полугодие и трето тримесечје се известуваат родителите за успехот и поведението на учениците и се известуваат родителите да ги потпишат евидентните листови во е- дневник. |

| | | |
|---|---|---|
| договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции; извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница; документација за добиени спонзорства и донации. | | Документи:<br>- Извештај за работа на училиштето:<br>полугодишен извештај за учебната 2022/2023 со дел.бр. 0803-16/1 од 17.01.2023 год.<br>годишен извештај за учебната 2022/2023 со дел.бр. 0801-346/1 од 29.08.2023 год.<br>полугодишен извештај за учебната 2023/2024 0801-30/1 од 23.01.2024 год.<br>годишниот извештај за учебната 2023/2024 е во изработка.<br>- Статут на училиштето е заведено со дел. бр. 0101-670/1 24.12.2019 год.<br>Записници од Совет на родители.<br>0302-42/3 од 30.1.2024<br>0302-105/2 од 1.3.2024<br>0302-193/1 од 23.4.2024<br><br>На родителските средби се реализираат и разни предавања во зависност од потребата на паралелките. На ниво на училиште се реализираа презентации за Насилство во сите паралелки на петата родителска средба во учебната 2022/2023.(на родителски средби одржани од 10 до 16 мај 2023 г.)<br><br>Од увидот во документацијата е констатирано дека во Годишната програма за работа на училиштето има посебна ппрограма П-35: Програма за соработка на училиштето со родителите/старателите со која работи Тим за соработка со родители.<br>Во годишната програма 2023/2024 се поместени:<br>21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите<br>21.1. Вклученост на родителите/старателите во живототот и работата на училиштето.<br>Согласно распоредот се изготвуваат посебни денови за прием на родители и има наставници задолжени за истото:<br>РАСПОРЕД ЗА ПРИЕМ НА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ – ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА, ООУ „Тошо Арсов“ – Штип – Игор Христовски<br>РАСПОРЕД ЗА ПРИЕМ НА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ – ПРЕДМЕТНА НАСТАВА, ООУ „Тошо Арсов“ – Штип – Ефимија Донева<br>- План за вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето<br>21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности<br>- План за вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности<br>21.3 Едукација на родителите/старателите |

| | | |
|---|---|---|
| | | - План за едукација на родителите/старателите – Ванѓе Манева, Марија Денков, педагог, психолог.<br>Родителите исто така учествуваат со донации. Соработката со родителите се остварува преку реализирањето на програмата за јавна и културна дејност, одбележување на позначајни датуми преку дефиле, велигденски базари и продажби. Родителите активно учествуваат во приредби и работилници по повод 8 Март, Нова година и сл.<br>**Прашалник за наставници:**<br>Прашање 39: Од анкетираните 47 наставници Поголем број 53% целосно се согласуваат, а 47% се согласуваат дека наставниците реагираат на поплаки со учениците со нееднаков третман.<br>Прашање 41: Од анкетираните 47 наставници Поголем број 64% се согласуваат и 30% од наставниците целосно се согласуваат дека родителите/старателите ги поттикнуваат активно да се вклучат во активностите во училиштето. Незначителни 4%( двајца) не се согласуваат и 2%(еден наставник) одговорил дека не знае или нема информација дека родителите/старателите ги поттикнуваа активно да се вклучат во активностите во училиштето.<br>Прашање 42: Од анкетираните 47 наставници Поголем број 68% се согласуваат и 28% од наставниците целосно се согласуваат дека ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес. Незначителни 2%( еден наставник) не се согласуваа и 2% (еден наставник) одговорил дека не знае или нема информација за тоа дека ги прифаќа аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес.<br>**Прашалник за родители:**<br>Прашање 36: Од анкетираните 241 родител Поголем број 50% од родителите целосно се согласуваат и 23% од родителите се согласуваат дека мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. Незначителни 12% не се согласуваат, целосно не се согласуваат 3% и 12% не знаат или немаат информација за тоа дека мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Соработка со општината и со урбаната заедница** | **Многу добро**<br>Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето во годишната програма за работа има посебна програма за соработка со локалната урбана заедница и посебен тим за истото.<br>Од увид во документацијата се следи:<br>П-36:Програма за соработка со локална средина и локална заедница -Одговорен тим: Гордана Плешкова, Лидија Постолова, Филип Николовски -учебна 2023/2024.<br>П-38: Програма за јавна и културна дејност на училиштето.<br>**Прашалник за наставници:**<br>Прашање 43-Од спроведената анкета од 47 наставници, најголем дел од испитаните 62% се согласуваат, и 30% целосно се согласуваат дека учествуваат во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата. Незначителен број од истите 2% (еден наставник) не се согласуваа, 2% (еден наставник) целосно не се согласува и 3%(двајца наставници) не знаат/немаат информација за тоа дали учествуваат во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата.<br><br>Локална заедница - Основач на училиштето е локалната самоуправа и во тој правец непосредно учествува во грижата за унапредување на квалитетот на работењето на училиштето. Училиштето својата Годишна програма за работа ја доставува до Советот на општина Штип. Училиштето учествува на сите органицирани настани, манифестации, одбележувања и јубилеи на ниво на општина и активно се вклучува со активности за одбележување на значајни датуми на локално ниво. Училиштето и директорот активно соработуваат со градоначалникот, локална самоуправа, Советот на општината, др. воспитно-образовни установи, со институции, фирми и организации, особено оние кои се лоцирани на територијата на која е сместено и училиштето, институции од областа на културата, претпријатија и др.органи и организации заради збогатување на воспитно-образовната работа со учениците. Посебен акцент се става на транспарентноста во работењето. Комуникацијата е од исклучителна важност и истата се одвива усно, пишано и електронски. Аналогно на добрата соработка и општината учествува во дел од училишните активности и ја развива соработката на високо ниво. За воспоставува соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво се потпиша Меморандум за соработа со градоначалникот. Меморандум за соработка со претставник од Општината се потпиша за поддршка на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“. Соработката со градоначалникот е на високо ниво-учество во дебата со ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Вклучи се за промени-учи промени“. Донации и спонзорства - Работата со локални стопански претпријатија, во поглед на обезбедување на донации и спонзорства е активност која континуирано трае. Редовна соработка училиштето има со издавачката куќа „Просветно дело“, од каде досега се добиени изданија за училишната библиотека. Континуирана соработка има со: ТП „Ребус“, ЈП ИСАР- Штип, ДООЕЛ „Давка’’ – Штип, родители, донатори и др. претпријатија кои ќе произлезат од тековното работење.<br>Соработката со месното население се остварува преку реализирањето на програмата за јавна и културна дејност, одбележување на позначајни датуми преку дефиле, велигденски и новогодишни базари и продажби и сл.<br>Институции од областа на културата - Редовно се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествуваат голем дел од учениците и тоа: литературни и ликовни конкурси на општинско ниво, изложби, саеми на книга и сл. Се посетуваат институции од областа на културата во рамките на изведувањата на планирани излети, екскурзии и посети на културно-историски споменици и музеи предвидени со Програмата за изведување екскурзии. Како особена соработка со институции од областа на културата ќе ги издвоиме градска библиотека „Гоце Делчев“, Дом на култура „Ацо Шопов“ , Народен театар- Штип, „Дом на млади“.<br>Институции од областа на образованието- Училиштето е во постојана со повеќе образовни институции на државно и локално ниво. Училиштето оствеува соработката со МОН и БРО и ги следи и спроведува најновите современи реформи, закони и прописи. Значајна и континуирана е соработката ЕЛС - Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината. Училиштето постојано ја продлабочува соработката со сите основни и средни училишта на ниво на општина, со универзитетот УГД „Гоце Делчев“- Штип, како и Детските градинки „Астибо“ и „Вера Циривири Трена“.<br>Спортски друштва- Училиштето е член на Сојуз на училишни спортови кој работи на државно ниво. Воннаставните активности од областа на спортот го задоволуваат организираниот спортски и рекреативен живот во училиштето.<br>Здравствени организиации-Здравствените организации со кои ќе соработува училиштето заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените се: ЈЗУ „Панче Караѓозов“ и Епидемиолошка служба - Штип.<br>Медиуми-Училиштето редовно информира за резултатите што ги постигнува, за активностите кои ги реализира, за учествата и наградувањата, за напредокот. Промоцијата на училиштето се врши преку интерно информирање (информатори, родителско катче, соопштенија и сл.) и екстерно информирање (медиумско промовирање). Медиумски куќи преку кои училиштето електронски се промиовира се локалните М-нет, канал 77.<br>Други организации и институции- „Црвен крст“- Штип, СВР-Штип. ЈП „Исар“- Штип, ПЕ |

| | | |
|---|---|---|
| | | Центар за социјални работи-Штип и др. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервју а со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; | **Превенција и заштита од насилство** | **Многу добро**<br>Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е под наслов „Политика за заштита на деца“ донесен јуни 2024 и истиот е развиен и креиран со поддршка од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ на посебна работилница со група наставници од нашето училиште и претставник од Првата детска амбасада „Меѓаши“ се креираше политиката за заштита на децата согласно Упатството на МОН. Во политика јасно е дифинирано насилството и објаснета е политиката за заштита на децата при било која форма на насилство, опфатен е Кодекс на однесување, а наведено е и контакт-лицето за политиката за заштита на децата во училиштето а тоа е психолог Стефанија Горгиева. Во документот се рангирани видовите насилство согласно Упатството на МОН, и е дефинирана јасно постапката и протоколот за постапување во случај на насилство врз децата. Во документот се поместени и следниве Прилози:<br>Прилог 7.1: Формулар за согласност - Употреба на информации и фотографии/видеа од деца.<br>Прилог 7.2: Табели со категоризација на насилството<br>Прилог 7.3: Формулар за евиденција на насилството<br>Прилог 7.4: Формулар за план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот<br>Прилог 7.5 Мапа на институции.<br>Политиката за заштита на деца е достапена за сите наставници, а за учениците и родителите треба да биде презентирана со почеток на новата учебна година (од септември 2024, бидејќи документот беше креиран на крајот на наставата година 2023/2024).<br>Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. |

| | | |
|---|---|---|
| записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документација; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални | | Вработените целосно се запознати со политиката за постапување при насилство, а поголем број од наставниците спроведуваат активности во врска со спречување појава на насилство. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето стручните соработници водат записници за случки од врсничко насилство, но евидентирани се само случаи од прво ниво- помали физички пресметки, вербални навреди, сопки омаловажувања и сл. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и по потреба се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи.(Не е евидентиран таков случај кога имало потреба да се вклучат други институции). Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Се води сметка непристрасно и еднакво да се разгледува проблемот, а случајот се испитува целосно брајќи докази, сведоци, се водат разговори од страна на психолог со учениците. И со жртвата и со насилникот се постапува од апект на сослушување, а не осудување за да може да се види коренот на проблемот. Се следи план за заштита на жртвата од насилство и а се влијае и на промена на однесувањето на сторителот. Се води сметка учениците да разговараат отворено, за тоа понекогаш во некои случаи е потребно повеќе време и повеќе разговори. Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители. Во случај на забележани повремени нетрпенија меѓу ученици навремено класниот раководител во соработка со психологот реализираат работилници согласно проблемот во паралелката. Понекогаш проблемот не е адресиран директно до сторителите (1 и 2 ученика не се изделуваат за да се работи со нив, туку се работи со цела паралелка). Во зависност од проблемот прviot разговор со учениците жрви и насилници го води класниот раководител, за што по потреба ги вклучува и родителите по направена проценка дали со нив ќе разговара индивидуално или групно. По потреба се соочуваат учениците -учесници кога ќе се процени дека има можност за истото и нема никој да се чувствува повредено/навредено. Во дел од случаите се вклучува стручната служба, педагог и психолог, а по потреба родителите и учениците разговараат и со директорот на училиштето. По преземените активности, насилството се намалува меѓу тие ученици, но и понатаму се следи состојбата меѓу учесниците (се следи на подолг период), а нема евидентирано насилство од второ и трето ниво. За булинг и насилство Ученичкиот парламент учествуваше во работилници од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ и изработија катче во училиштето. „Потсетување за добро однесување“ со пораки за ненасилно однесување и стоп за булингот и меѓуврсничкото насилство. |

| | | |
|---|---|---|
| вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | Тимот за професионален развој на 15.11.2021 година посети еднодневна обука „Спречување и борба против трговија со деца“ во траење од 4 часа во реализација на БРО. Училиштето го доби Прирачникот според кој работи. Наставниот кадар континуирано се усовршува и посетува индивидуални обуки за разрешување конфликти, справување со предизвикувачко однесува кај учениците. Раководителите на паралелки спроведоа презентација на родителите на петтата родителска средба 2023 година за темата Насилство.<br>Дел од годишната програма е и П-26:План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација, трговија со луѓе.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ**<br>Прашање 34-Од 47 анкетирани наставници, Поголем дел 57% целосно се согласуваат дека со учениците спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, а 34% се согласуваат со истото. Незначителен број 6% ( 3 наставника) не се согласуваат, а не знае/ нема информација 2% (1 наставник ) дека со учениците спроведува активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.<br>Прашање 35- Од 47 Поголем број од испитаните наставници 51% се согласуваат дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство, а 32% целосно се согласуваат со истото. Незначителен број 13% (6 наставника) не се согласуваат, 2% (1 наставник) целосно не се согласува, а не знае/ нема информација 2% (1 наставник) дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ**<br>Прашање 37- Од спроведената анкета помеѓу родителите, од 241 родител Поголем број 45% целосно се согласуваат и 27% се согласуваат дека се како родители се запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство. Незначителен број 11% не се согласуваат, 2% целосно не се согласува, а 15% не знае/ нема информација за тоа дали се запознаени како родители со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство.<br>Прашање 38-Од анкетирани 241 родители, Поголем број 42% се согласуваат и 21% целосно се согласуваат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти. Незначителен број 7% не се согласуваат, 3% целосно не се согласува, а 19% не знае/ нема информација дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.<br>Прашање 39-Од анкетирани 241 родители, Поголем број 43% се согласуваат и 27% целосно се согласуваат дека училиштето добро се справува при појава на насилство. Незначителен број 10% не се согласуваат, 5% целосно не се согласува, а 22% не знае/ нема |

| | | |
|---|---|---|
| | | информација дека училиштето добро се справува при појава на насилство.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**<br>Прашање 43-Од анкетирани 213 ученици, Поголем број 45% се согласуваат и 36% целосно се согласуваат дека во училиштето добиваат поддршка и помош при решавање на некој проблем. Незначителен број 10% не се согласуваат, 3% целосно не се согласува, а 6% не знаат/ немаат информација дека во училиштето може да добиваат поддршка и помош при решавање на некој проблем.<br><br>Прашање 44- Од анкетирани 213 ученици, Поголем број 52% целосно се согласуваат и 39% се согласуваат дека знаат како треба да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето. Незначителен број 4% не се согласуваат, 1% целосно не се согласува, а 4% не знаат/ немаат информација како треба да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето.<br><br>Прашање 45- Од анкетирани 213 ученици, Поголем број 43% целосно се согласуваат и 41% се согласуваат дека во училиштето работат на решавање конфликти и спречување насилство. Незначителен број 9% не се согласуваат, 4% целосно не се согласува, а 3% не знаат/ немаат информација дека во училиштето работат на решавање конфликти и спречување насилство. |
| | **Заштита од пушење, алкохол и од дрога** | **Многу добро**<br>Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана на пушење, но нема поставени знаци за забрана за внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето се реализираат активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Се реализираат работилници и се изработуваат хамери од учениците за заштита од пушење во рамки на вonнаставните активности на Клубот на Црвен крст под менторство на Весна Игнатова и хамерите беа истакнати во холот на училиштето за подигање на свеста на учениците.(Извештај од активноста Клуб на црвен крст). Во рамки на часовите на одделенските заедници се реализираат содржини за заштита од наркотични средства, алкохол и цигари од ОЖВ програмата. Поголем број од наставниците учествуваат во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога - 30% од наставниците целосно се согласуваат, а 49 % се согласуваат со констатацијата. Незначителен број од наставниците не реализираат вакви активности и не се согласуваат, целосно не се согласуваат со констатацијата или немаат информации. Поголем број од |

| | | |
|---|---|---|
| | | родителите целосно се согласуваат (28%) и се согласуваат (39%) дека училиштето презема мерки за превенција и заштита од овие пороци. Незначителен број родители (27%) немаат информации. Поголем број и од учениците целосно се согласуваат (30%) и се согласуваат (32%) дека училиштето презема мерки за превенција и заштита од дрога, алкохол и пушење, а незначителен број ученици не се согласуваат, целосно не се согласуваат со констатацијата или немаат информации.<br><br>ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ:<br>Прашање 3.44 – од вкупно 47 анкетирани, целосно се согласуваат 14 испитаници - 30% дека учествуваат во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога; се согласуваат 23 испитаници - 49%; не се согласуваат 6 испитаници - 13%; целосно не се согласуваат 2 испитаници - 4%; немаат информација 2 испитаници - 4%.<br>ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:<br>Прашање 3.40 – од вкупно 241 анкетирани родители, целосно се согласуваат 68 испитаници - 28% дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога. Со истото се согласуваат 94 испитаници - 39%, а не се согласуваат незначителен број 9 испитаници - 4%, целосно не се согласуваат 6 испитаници - 2%, немаат информација 64 испитаници - 27%.<br>ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:<br>Прашање 3.46 – од вкупно 213 анкетирани ученици, целосно се согласуваат 64 испитаници - 30% дека учествуваат во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Со ова тврдење се согласуваат 69 испитаници - 32%, незначителен број не се согласуваат 35 испитаници - 17%, целосно не се согласуваат 18 испитаници - 8%, немаат информација 27 испитаници - 13%. |
| | **Квалитет на достапна храна** | **Добро**<br>Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето според понудената понуда и мени. Од направеното интервју со економот на училиштето Тоше Гоговски, утврдивме дека при јавен повик за избор на најдобар понудувач на храна во училиштето секогаш е пријавена само една фирма и изборот паѓа на таа фирма, со што не се отвораат повеќе можности за избор и поразновидна опција. Поради тоа бројот на пријавени ученици за храна секој месец опаѓа и до крајот на учебната година се сведува на минимум.<br>**ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗБОР НА ПОНУДУВАЧ НА ХРАНА**<br>Организирана исхрана за учениците од операторот „Ребус“ кој работи по HASSAP систем, добиено барање до Агенција за храна и ветеринарство за квалитетот на храната - арх. бр. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 0307 – 436/1 од 29.9.2023 година.<br>**ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД САНИТАРНА ИНСПЕКЦИЈА**<br>Санитарен преглед извршен на 17.1.2024 година од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Штип.<br>**ВОДЕЊЕ КАМПАЊА ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА:**<br>Еко активност: Се организира заеднички здрав оброк за секое одделение, изработка на флаери, постери, литературни творби за здрава храна. Во активностите за здрава храна преку еко одборот учествуваат сите паралеки и наставници, декорираат здрави ужинки и ги споделуваат со соучениците. (Полугодишен и годишен извештај 2022/2023 и 2023/2024 од еко - активноста по повод Светски ден на здрава храна-октомври.)Во овие активности учествуваат и родителите, заедно со учениците подготвуваат здрав оброк.<br>**РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАНИ УЧЕНИЦИ И РОДИТЕЛИ:**<br>Според добиените резултати од анкетниот прашалник Поголем број од учениците и родителите се согласуваат дека во училиштето се води кампања за здрава исхрана.На прашањето дали во училиштето се води кампања за здрава исхрана од анкетираните родители одговориле вкупно 241 родител, а од анкетираните ученици одговориле вкупно 213 ученици.<br>• Поголем број 32% од учениците и 41% од родителите се согласуваат дека во училиштето се води кампања за здрава исхрана, а 25% од учениците и 19% од родителите целосно се согласуваат дека во училиштето се води кампања за здрава исхрана.<br>• Незначителен број, 23% од учениците и 15% од родителите не се согласуваат дека во училиштето се води кампања за здрава исхрана. 8% од учениците и 8% од родителите целосно не се согласуваат, а 12% од учениците и 17% од родителите немаат информации дека во училиштето се води кампања за здрава исхрана. |
| | **Хигиена и заштита од болести** | **Добро**<br>Во училиштето хигиената ги задоволува пропишаните стандарди. Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето двапати годишно (јануари пред почеток на второ полугодие и август пред почеток на прво полугодие од учебната година) врши ДДЗ - дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Со одржување на различни предавања и учество во разни проектни активности воспитно се делува на учениците да ја одржуваат личната хигиена, да користат редовно заштитни средства, дезинфекциони средства и доколку има евентуална потреба да се носи заштитни маски. Низ холот и училниците има видливи постери за миење раце одржување хигиена, дезинфекција. Од програмата ОЖВ се реалзираат часови за подигање на свеста за одржување на лична хигиена. Во работните задачи на помошно-техничкиот |

| | | |
|---|---|---|
| | | персонал се пропишани конретните површини и места каде треба да се чисти и колку. Ходниците и скалите се чистат најмалку четири пати во денот (после големиот одмор и на крајот од смената), чистење на санитарните јазли после секој одмор, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие**.** Секојдневно се прави проветрување и преглед на училниците и санитарните јазли. Хигиеничарите според утврден распоред на работните задачи вршат контрола на секоја пауза помеѓу часовите и се проверува хигиената во училниците, ходниците и тоалетите во училиштето. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден. Училишниот двор секојдневно се чисти од помошно-техничкиот персонал. Се уредуваат, косат и вадат тревните површини. Се одржуваат еколошки акции за чистење на дворот за подигање на еколошката свест кај ученците најмалку еднаш годишно преку еко-програмата. Во дворот на училиштето, пред секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Пред училишната влезна ограда има два големи контејнера. И покрај наведеното учениците во секоја прилика кога се прашани да посочат нешто што би сакале да го подобрат ја истакнуваат хигиената во училиштето. Училиштето нема програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. За вработените секоја година се реализира санитарен преглед (бр.0307-521/1 од 06.12.2023г. и редовен систематски преглед по објавен јавен повик). Учениците во соработка со центарот за јавно здравје се носат на систематски прегледи според утврдени распореди согласно возраста на учениците и Календарот за имунизација покрај систематските прегледи се реализираат и стоматолошки редовни проверки на забите на ученците. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање на прва помош. Дел од наставниците (18 наставника) посетија обука за прва помош (Обука прва помош-13.10.2021 од Црвен Крст Штип, предавач Мери Шорова ). А сите наставници ја имаат поминато обуката за заштита при работа 3.11.2021 г.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:**<br>Прашање 3.42- од вкупно 241 анкетирани родители, Поголем број се согласуваат 109 испитаници – 45 % дека хигиената во училиштето е на високо ниво и целосно се согласуваат 39 испитаници - 16% дека хигиената во училиштето е на високо ниво. Мал број не се согласуваат 57 испитаници - 24%, целосно не се согласуваат 25 испитаници - 10%, немаат информација 11 испитаници - 5%.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:**<br>Прашање 3.47 – од вкупно 213 анкетирани ученици, Поголем број се согласуваат 75 испитаници - 35% дека училиштето е чисто и уредно и целосно се согласуваат 56 |

| | | |
|---|---|---|
| | | испитаници - 26% дека училиштето е чисто и уредно. Незначителен број не се согласуваат 21 испитаници - 44%, и целосно не се согласуваат 8 испитаници - 4%. |
| | **Грижа за безбедноста на учениците и вработените** | **Многу добро**<br>Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат и хидрантите се функционални. За грижа забезбедноста на учениците и училиштето од опожарување постојат 9 ПП апарати (5 во централната зграда, 2 во ПУ Македонка, ПУ Чардаклија-1 и ПУ Почивало-1). Училиштето има склучен договор за одржување и сервисирање на противпожарни апарати со Безбедност комерц ДОО-Штип ул. Гоце Делчев 123 рег.бр.овл СГИ08-8/2.-Воочување на поставени и редовно сервисирани ПП апарати 22.11.2023. Во случај на невреме и удар од гром, на училиштето има поставено громобран од неговата изградба и до сега нема проблем во неговото функционирање. Од евентуални напади за заштита на ученици во училиштето има одделен простор-скривница. Во случај на елементарна непогода во училиштето има 4 функционални излези. Училиштето има стратегија и План за евакуација кој е дел од Годишната програма за работа. Планот за евакуација како скица е истакнат на видно место во училиштето. Со стратегијата е предвидена и една симулација која е реализирана. (Извештај од извршена симулација 2021, 2022, 2023 и 2024). Програмата за евакуција и заштита е дел од Годишната програма. Во училиштето се спроведе и обука на вработените за заштита од пожар организирана од општина Штип и Против пожарната единица од Штип. Сите наставници ја поминаа обуката за заштита и безбедност при работа. Низ средишниот дел од училишниот двор минува канал и истиот е поплочен и не претставува потенцијална опасност по децата.<br>Заради безбедност централното училиште заедно со подрачните училишта има по еден реонски полицаец на располагање. Во сите училишта на видно место ги има истакнато броевите на реонските полицајци. Училиштето заради безбедност и превентива обезбедува осигурување на учениците.<br>**Интервју со координатори на проект** „Промоција на безбедна училишна средина“: Училиштето поднесе апликација за учество во проект „Промоција на безбедна училишна средина“ координатори Наташа Максимова и Магдалена Ангелески. Од добиените средства од проектот во ученичката иницијатива учениците издвоија средства за 2 безбедносни камери за влезот на училиштето за поголема безбедност во училиштето. А дополнително по ученичката иницијатива до градоначалникот и предлог на учениците беше поставена и ограда на каналот надвор од училишниот двор на места каде се движат учениците кога одат по храна за време на одмори. (поставување на ограда мај/јуни 2024). Училиштето има изработено Елаборат за поголема безбедност каде јасно се потенцирани процедурите за постапување во случај на кризни состојби, елементарни непогоди и друга опасност. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:<br>Прашање-Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете. Од вкупно 241 анкетирани, Поголем број се согласуваат 112 испитаници - 46% и целосно се согласуваат 100 испитаници - 42%. Незначителен број не се согласуваат 22 испитаници – 9 % , целосно не се согласува 4 испитаник – 2%, немаат информација 3 испитаници – 1%.<br>ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:<br>Прашање 3.29- Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. Од вкупно 213 анкетирани, Поголем број целосно се согласуваат 89 испитаници - 42% и се согласуваат 81 испитаници – 38 %. Незначителен број не се согласуваат 29 испитаници - 13% , целосно не се согласува 12 испитаник – 6%, немаат информација 2 испитаници – 1%. |
| | **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** | **Многу добро**<br>Нашето училиште е препознатливо по реализација на хуманитарни акции. Училиштето ги идентификува учениците од социјално загрозени семејства и обезбедува материјални средства за учениците. Училиштето спроведува хуманирни акции.(само во една учебна спроведени хуманитарни акции според потебите на учениците-за ученик од одделенска со болен родител, за социјално загрозени за новогодишни подароци, за многудетни училишен прибор, неколку за локални стории)<br>Активности и донации<br>• Во училиштето се организираат наменски донации преку тимот на Црвениот Крст наведени во годишната програма ( донации на храна, облека, парични средства и попусти за еднодневни излети и екскурзии за учениците од социјално загрозени семејства, многудетни семејства, самохрани родители)<br>**Интервју со директор и стручна служба - Прашање 3.10**<br>Со хуманитарна акција по повод новогодишните празници од страна на учениците и вработените во училиштето се обезбедени парични средства наменети за училишен прибор на социјално загрозените ученици.<br>Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.Во хуманитарните акции учествуваат и учениците и сите вработени. Наставниците исто така индивидуално и групно обезбедуваат облека и разни потребни средства за учениците од социјално загрозените семејства.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ (Прашање 40)**<br>Според добиените резултати од анкетниот прашалник Поголем број од наставниците целосно се согласуваат дека различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучуваме |

| | | |
|---|---|---|
| | | во училишните активности (Од 47 испитаници/наставници)<br>• Од нив 55% од наставниците целосно се согласуваат дека различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучуваме во училишните активности<br>• 45% од наставниците се согласуваат дека различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучуваме во училишните активности |
| | **Грижа за учениците со здравствени проблеми** | **Многу добро**<br>**ИНТЕРВЈУ со директор и стручна служба-Прашање 3.11**<br>Училиштето обезбедува настава за учениците со здравствени проблеми доколку подолго време отсуствуваат од настава. Училиштето има воспоставена процедура според која родителите поднесуваат барање до училиштето во соработка со раководителот на паралека/ одд, наставник за видот на наставата кој го бараат за своето дете и наведена причина за спреченоста на посета на редовна настава. Во договор со наставниците училиштето ја организира бараната настава. Досега училиштето на барање на родителите има реализирано on line настава за учениците со здравствени проблеми доколку подолго време отсуствуваат од настава (примери: посериозни скршеници, продолжени сипаници, оперции). Училиштето обебедува и пишани материјали за учениците по барање на родителите и реализација на дополнителна настава од страна на наставниците во соработка со родителите/старателите. Дури за отсуства од 1-2 недели наставниците им нудат помош на учениците во совладување на наставните содржини. |
| | **Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците** | **Многу добро**<br>Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо-емоционалните тешкотии кај учениците.<br>Од Интервју со стручна служба (Прашање 3.12)добиени се следниве заклучоци:<br>Во соработка со настваниците, психологот и педагогот ги следат учениците во текот на целата учебна година и работат на социо- емоционалната добросостојба на учениците преку превенција, одржување и спречување на влошување на оваа состојба. Во училиштето редовно се работи со децата кои се од семејства со нарушени односи, децата со намалена самодоверба, деца со емоционални проблеми, социјализација, разрешување на конфликти, како и деца со пречки во развојот и потешкотии во учењето. Се препознаваат учениците со поголеми потешкотии се упатуваат до релевантните институции. Во училиштето се работи индивидуално со овие ученици, како и во групи или со цело одделение, преку спроведување на разговори , советување и работилници.<br>Стручните соработници се обучени да ги упатат учениците/ родителите до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн) за што психологот посети работилница од проектот „Промоција на |

| | | |
|---|---|---|
| | | безбедна училишна средина“ на која се разработи Политика за заштита на децата на ниво на училиште (31.5.2024) каде психологот и група наставници ја креираа политиката со надворешно стручно лице и ги опфатија сите локални институции/ центри/ установи со адреса и број за брза реакција. Во годишната програма во рамки на Акциониот план на училишниот тим за инклузија се работи на подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со ПОП. А како дел од годишната програма се и:<br>• Програма за работа со ученици со емоционални проблеми<br>• Програма за работа со ученици со специфичи тешкотии во учењето.<br>Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ**<br>Според добиените резултати од анкетниот прашалник за родители (Прашање 43) од анкетирани 241 родител Поголем број од родителите се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете:<br>• 51% се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете, а 20% целосно се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете<br>• Незначителен број 14% не се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете<br>• 5% целосно не се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете<br>• 10% не се информирани дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ**<br>Според добиените резултати од анкетниот прашалник за наставници (Прашање 45) од анкетирани 47 наставника Поголем број се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна подршка и помош за решавање на проблемите:<br>• 55% се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна подршка и помош за решавање на проблемите, а 34% целосно се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна подршка и помош за решавање на проблемите.<br>Незначителен број, 6% не се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна подршка и помош за решавање на проблемите, а 5% не се информирани дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна подршка и помош за решавање на проблемите.<br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетирани 213 ученици (Прашање 42 од анкетниот прашалник ) според добиените резултати<br>• Поголем број од учениците 43% целосно се согласуваат дека можат слободно да барат совет и подршка од педагогот и психологот во училиштето, а 39% се согласуваат дека можат слободно да барат совет и поддршка од педагогот и психологот во училиштето.<br>• Незначителен број, 7% не се согласуваат дека можат слободно да барат совет и подршка од педагогот и психологот во училиштето, 3% целосно не се согласуваат, а 8% не се информирани дека можат слободно да барат совет и подршка од педагогот и психологот во училиштето. |
| | **Давање помош при изборот за продолжување на образованието** | **Многу добро**<br>Интервју со директор и стручна служба -Прашање 3.13<br>Училиштето овозможува презентации на средните училишта пред нашите ученици. Училишето презентира успешни примери од наши ученици кои го продолжиле своето образование. Училиштето има програма за професионална ориентација на учениците со која работи писхологот и реализира активности со учениците од осмо и деветто одделение. Оваа програма е дел од годишната програма на училиштето, П-25. Училиштето користи промотивни материјали/постери од образовните институции за можностите за уписи во средните училишта и професионална ориентација на учениците, помалку спроведува спроствени активности за професинална ориентација на учениците. Материјалите и постерите ги истакнува на видно место на влезот од училиштето за информацијата да стигне до сите ученици. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат, преку усни соопштенија. Нашите полуматуранти на отворениот ден на средните училишта во соработка со стручната служба и родителите се насочуваат за правилен избор на понатамошното нивното образование.<br><br>ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ-Прашање 44<br>Од анкетирани 241 родител од прашалникот за родители Поголем број од родителите се согласуваат дека училиштето дава информации и подршка при избор на понатамошното образование на учениците.<br>• Од нив 45% од родителите се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците. А 24% целосно се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.<br>• Незначителен број 10% не се согласуваат дека училиштето дава информации и подршка при избор на понатамошното образование на учениците. 4% целосно не се согласуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | и незначителен број 17% не се информирани дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Силни страни**

-Училиштето има тим кој ќе работи на дигитални содржини за афирмација на училиштето (работи со официјалните профили на социјалните медиуми и веб страницата на училиштето, креира дигитални содржини за промоција на училиштето).
-Училиштето има web страница, facebook профил, instagram профил кои континуирано се ажурираат и промовираат активности и постигања на училиштето.
-Училиштето има Кодекс за однесување на сите структури кој редовно се ревидира и дополнува од сите засегнати страни.

| |
|---|
| -Нашето училиште има „Фондацијата Љупчо и Тошо Арсови“ кој распишува конкурси на општинско ниво и финансира награди за учениците и нивните ментори со што се постигнува стимулативна средина.<br>-Ученичкиот парламент активно се вклучува во донесувањето одлуки, предлага промени и се вклучува во истите<br>-Ученичкиот правобранител ги промовира правата на децата и има двајца заменици.<br>-Ученичкиот парламент се вклучува во проекти за да ја подобри својата работа и предлага ученички иницијативи (Учество во проект „Промоција на бебедна училипна средина“ и реализција на 5 ученички иницијативи, реалзирани 3 предлога адресирани до градоначалникот)<br>-Препознавање на потребите за подобрена соработка меѓу наставниците, заеднички избор на обука за подобрување на работата на стручните активи и заедниците на учење и проследување на обука за истото. (тема на обука „Професионална соработка на наставниците, стручни активи, заедници за учење, менторство)<br>- Средината за учење ги мотивира учениците и поголем број истакнуваат дека сакаат да одат на училиште, а родителите во поголем број го потврдуваат истото.<br>-Реализација на хуманитарни акции според потребите на ученици/родители од социјално загрозени семејства<br>- Еднакви можности за учество во различните активности на часовите за сите ученици (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање).<br>-Училиштето има воспоставена процедура според која согласно потребите на учениците училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава.<br>-Училиштето има Политика за заштита на децата, со јасно утврдена процедура за постапување во случај на било која форма на насилство.<br>-Во училиштето редовно се води кампања за здрава храна од Еко-програмата.<br>-Училиштето континуирано се грижи за учениците со емоционални потешкотии, здравствени проблеми и социјално загрозени семејства. |
| **Слаби страни**<br>-Иако Кодексот за однесување на сите структури се презентира на засегнатите страни, сепак се чувствува потреба почесто презентирање на кодескот на однесување на родителите и учениците.<br>-Политиката за заштита на деца е достапна за сите наставници, а за учениците и родителите треба да биде презентирана.<br>-Иако училиштето работи на заемно почитување меѓу учениците, навременото пријавување на меѓусебни навреди, првокации не е Целосно препознаено од сите ученици и се појавува потреба од поголема кампања за охрабрување на ученците навремено да пријавуваат меѓусебни навреди, провокации (преку истакнување делови од Политиката за заштита на децата 2024)<br>- Учениците членови на Ученичкиот парламент се поканувваат да присуствуваат на состаноци на Училишен одбор и на работата на другите стручни тела во училиштето, но учениците не присуствуваат на истите.<br>- Правата на децата се презентираат на таргет групи родители, но се наметнува тенденција тие таргет групи да се прошират и активностите/презентациите за правата на децата да се прошират на ниво на училиште (на родителски |

| |
|---|
| средби)<br>-Квалитетот на исхрана што се доставува во училиштето (Потреба од повеќе пријавени дистрибутери на храна на јавен повик заради избор на разновидна и поквалитетна исхрана)<br>-Училиштето нема Програма за превенција од заразни болести.<br>-Поголема хигиена во училиштето.<br>-Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана на пушење, но нема поставени знаци за забрана за внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции.<br>-Иако училиштето има добра соработка со родителите, недостига пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.<br>- Училиштето користи промотивни материјали/постери од образовните институции за можностите за уписи во средните училишта и професионална ориентација на учениците, но помалку спроведува сопствени активности за професинална ориентација на учениците. |
| **Приоритети**<br>-Почесто презентирање на кодескот на однесување на родителите и учениците (На првата родителска средба во прво и второ полугодие (септември и јануари) за родителите и првиот класен час  во прво и второ полугодие за учениците.)<br>- Презентација на Политиката за заштита на деца на учениците и родителите.<br>- Кампања за охрабрување на ученците навремено да пријавуваат меѓусебни навреди, провокации (преку истакнување делови од Политиката за заштита на децата 2024)<br>- Креирање стратегија за мотивација на учениците претставници од Ученички парламент да се вклучат во работата на Училишен одбор<br>-Презентации за правата на децата на ниво на училиште (на родителски средби)<br>- Мотивирање на повеќе дистрибутери на храна да се пријават на јавен повик заради избор на разновидна и подобра исхрана за да може да се подобри квалитетот на исхрана што се доставува во училиштето.<br>- Креирање Програма за превенција од заразни болести.<br>- Подобрување на хигиената во училиштето.<br>-Поставување знаци за забрана за внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции на видни места во училиштето.<br>-Водење евиденција и документирање на прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.<br>- Спроведување на сопствени активности за професинална ориентација на учениците. |

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишна политика** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Програма за работа на училишниот одбор;<br>-Деловник за работа на училишниот одбор;<br>-Статут на училиштето;<br>-Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>-Развојна програма на училиштето;<br>-Програма за работа на директорот;<br>-Програми за професионален развој;<br>-Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br>-Интервјуа со наставници, родители и | **Управување со училиштето** | **Добро**<br>Управувањето и раководењето со училиштето е добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно- образовен процес.<br>Членови на УО се со легитимен мандат и имаат поминато обука за својата работа. Претседател на УО согласно новиот закон за основно образование е претставник од Советот на родителите.<br>Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.<br>Соработката на Училишниот одбор со родителите, ВД директорот и локалната самоуправа е на високо ниво.<br>ВД директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.<br>Училишниот одбор во интерес на спроведување на развојната програма на училиштето континуирано ја следи и работата на раководниот орган и вработените, поддржува и следи професионален развој на наставниците, ги следи резултатите и напредокот на учениците, нивното здравје и детски права, поддржува осовремување и подобрување на работните услови, како и континуирано интезивира соработка со телата на училиштето и општествената заедница.<br>УО го следи трошењето на буџетот еднаш во годината – при заклучување на завршната сметка, и по потреба во текот на годината – при евентуално проширување на планот за јавни набавки.<br>Од вкупно 241 анкетирани родители/старатели, поголем број (41%) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки, 17% целосно се согласуваат,12% не се согласуваат со тврдењето, незначителн број (6%) целосно не се согласуваат и 21% од нив немаат информација/не знаат дали УО навремено и транспарентно ги објавува донесените одлуки. |
| | **Раководење на училиштето** | **Добро**<br>Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. 38% од родителите и 39% од учениците се изјаснија дека се информирани за активностите кои училиштето ги планира за следниот период. Директорот работи тимски при |

| | | |
|---|---|---|
| ученици и училишниот одбор;<br>-Распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето;<br>-Докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации).<br>-Активности и програма за работа на училишната библиотека | | процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште.<br>Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Поголем дел од наставниците (55%) се изјаснија дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма и динамиката на реализирање.<br>Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.<br>1. Проекти во соработка со МОН, БРО, УСАИД, МЦГО<br>-Промоција на безбедна училишна средина<br>-Интеграција на еколошкото образование во редовниот образовен систем<br>-Меѓуетничка интеграција во образованието<br>2.Меѓународни проекти<br>-Е-Твининг<br>3. Меѓународни училишни мрежи<br>- Европската мрежа за училишно образование (ESEP)<br>Реализацијата на проекти со НВО, здруженија на граѓани како и со локалната и деловната зедница се тековни и истите се засноваат врз основа на потпишани меорандуми за соработка со училиштето. Реализатори на овие проекти се посебни тимови за соработка со локалната, деловната заедница, невладиниот сектор и здруженија на граѓани. |
| | **Управување и раководење со ресурсите** | **Добро**<br>Воспитно-образовната дејност училиштето ООУ „Тошо Арсов" - Штип ја реализира во една модерна училишна зграда од цврста градба во Штип, со вкупна површина од 3771 м2, изградена во 1977 година. Училишната зграда има приземје и спрат, и подрумски простории, и има 5 влеза во училиштето. Училишниот простор целосно ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени.<br>Во состав на училиштето се и подрачните училишта во населба Македонка (објект од цврста градба со вкупна површина од 485 м2 изграден во 1953 година а реновиран во 2014 година),во село Почивало(објект од цврста градба со вкупна површина од 43 м2 изграден во 1983 година) и во село Чардаклија (објект од цврста градба со вкупна површина од 50 м2 изграден во 1953 година).Во централното училиште постои двосменско реализирање на наставата и тоа:одделенска настава во една смена(прва смена) а предметна настава во друга смена(втора смена). Во трите подрачни училишта наставата се изведува во една смена (прва) и наставата која се реализира во подрачното училиште во село Почивало е на турски јазик. Наставата во централното училиште се реализира во 3 училници и 21 кабинети. Кабинетите ги задоволуваат стандардите за изведување на кабинетска настава (чешми, нагледни средства, инвентар, помошна просторија и сл.). Во зградата на централното училиште има 1 наставничка канцеларија, 5 канцеларии за админстративната и педагошката служба, и повеќе мали простории по одделенија. Има 1 библиотека (за одделенска и за предметна настава) и 1 медијатека опремена со техники помагала. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Санитарните јазли кои ги користат вработените и учениците се добри. Училишниот двор е голем, со 12792 м2 вкупна површина, хортикултурно е уреден и има 1 летна училница. Дворот е целосно ограден.<br>Во состав на училиштето има голема спортска сала за учениците од одделенска и предметна настава, со површина од 800 м2 и истата ги задоволува стандардите за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование. Во задниот дел се наогаат 2 надворешни игралишта (кошарка и фудбал) со вкупна површина од 210 м2.<br>Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, со тенденција на подобрување поради континуирана набавка, која што е планирана со Програмата за развој на училиштето.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкета со наставниците, за дополнителна набавка на: компјутери, смарт-табли, смарт телевизори, ЛЦД-проектори, принтери, спортски реквизити, макети, модели, историски карти, музички инструменти, фонотека, списанија, лектири, енциклопедии, образовни софтвери за нормално функционирање на воспитно- образовниот процес и др. Учењето и наставата се збогатени преку користењето на добар обем на ИКТ опрема во училиштето. Во училиштето бројот на компјутери во кабинет по информатика ги задоволува потребите за непречено одвивање на наставата по информатика.<br>Во моментот училиштето располага со 10 ЛЦД проектори, 6 смарт табли, 4 ДВД дијапроектори, 193 компјутери, 183 лаптопи, 7 телевизори,1 флип камера, 12 касетофони, 2 графоскопи и др.<br>Сензорната соба располага со голем број дидактички матерјали и асестивна технологија за децата со посебни потреби.<br>Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>Од вкупно 47 наставници,поголем дел (51%) не се согласуваат дека училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности,27% 17% целосно не се согласуваат,27% се согласуваат и само 4% од анкетираните наставници целосно се согалсуваат со ова тврдење.<br>Библиотеката во ООУ „Тошо Арсов"-Штип во претставува библиотечен - информативен центар кој постојано собира, стручно обработува и дава на користење библиотечен материјал на учениците и наставниот кадар.<br>Библиотеката нуди можност за максимално користење на книжните фондови со кои располага, пристап до информаци, а со тоа и подобруваење на културниот и социјалниот живот на учениците и наставниот кадар.<br>Книгите се позајмуваат во рок од 15 дена и може да позајми секој кој што работи или посетува настава при ООУ „Тошо Арсов" - Штип. Овој рок може да се продолжи по барање на наставникот или ученикот.<br>Корисниците на списанија се пријавуваат во библиотеката, од каде добиваат и уплатници за истите. |

| Реден број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1 | Одделенска и предметна настава / лектири | 4612 |
| 2 | Светска литература,поезија,проза | 500 |
| 3 | Стручна литература за наставници,прирачници | 56 |

| | | |
|---|---|---|
| | | <table><tr><td>вкупно</td><td></td><td>5168</td></tr></table>Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од 14 книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарките. Библиотечниот фонд се води електронски и во целост ги задоволува потребите на училиштето.<br>Училиштето во село Почивало располага со мал книжевен фонд на детски изданија на турски јазик.<br>Целокупното училиште има пристап до стабилен Интернет.<br>Од вкупно 241 анкетирани родители/старатели,поголем (53%) се изјасниле дека училишната библиотека е достапна за сите ученици а само незначителни 1% се изјасниле дека истата не е достапна за децата или дека немаат информација за тоа. |
| | **Раководење со кадарот** | **Добро**<br>Воспитно - образовната дејност во училиштето ја остварува соодветен воспитно - образовен кадар кој со својата работа, стручна способност, искуство, внесување нови методи стратегии и техники на работа во наставата придонесува за поголема успешност во остварувањето на дејноста. Наставниот процес го реализираат вкупно 63 наставници од кои 3 се магистри. Има 3 несоодветни наставници и тоа по предметите-техничко образование, физика и физичко и здравствено образование Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар како замена. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставен кадар.<br>Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитнообразовниот процес. Работата е потпомогната, надополнета и олеснета со 1 образовен медијатор, 3 образовни асистенти, педагог и психолог. Во училиштето има еден наставник со звање наставник ментор.<br>Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.<br>Во училиштето постои Тим за професионален и кариерен развој, кој ја изготвува Програмата за професионален развој на наставниците  врз основа на личните планови за професионален развој на наставниците и потребите на училиштето.<br>Наставниците од одделенска настава ја имаат следено обуката за Новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досеја. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот и психологот, увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи.<br>Постои соработка со наставници од други основни училишта, факултети и невладини здруженија во општината и пошироко.<br>Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.<br>Училиштето ја следи пропишаната процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж. |
| | **Следење и унапредување на наставниот процес** | **Многу добро**<br>Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Развојна програма на училиштето;<br>-Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Извештај од самоевалуација;<br>-План за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови;<br>-Анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, | **Процедури за креирање на училишната политика** | **Многу добро**<br>Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за:<br>-меѓуетничка интеграција,<br>-намалување на насилството во училиштата,<br>-намалување на семејното насилство,<br>-недискриминација,<br>-еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност,<br>-еколошко образование<br>-грижа за здравјето и исхраната на учениците<br>-безбеден пристап до интернет<br>-безбедно користење на фотографиите на учениците<br>-однесувањето и дисциплината на учениците<br>-евакуирање во случај на опасност<br>-следење и оценување на учениците<br>-промовирање на постигањата на учениците<br>-грижа за учениците од социјално загрозени семејства |

| | | |
|---|---|---|
| наставниците, родителите, учениците;<br>-Записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет;<br>-Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор;<br>-Деловник за работа на училишниот одбор;<br>-Буџет и финансиски план на училиштето. | | -реализирање на хуманитарни акции<br>-градење на соработка со заедницата (медиуми, институции, соседи, други училишта, невладини организации...)<br>Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.<br>Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини) |
| | **Резултати од развојното планирање** | **Добро**<br>Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето донесува Програма за развој на училиштето<br>Во Програмата за развој на училиштето целите на развојната политика се прецизни, и јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели ќе бидат изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување. Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (учлници и наставни помагала), за сите ученици. |
| | **Планирање и управување со училишниот буџет** | **Многу добро**<br>Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.<br>Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор.<br>Училиштето има две сметки - буџетска и сопствена сметка. Минимални приходи на сопствената сметка се остваруваат од издавање под закуп на училишната спортска сала, коешто е регулирано согласно закон. Училиштето остварува средства и од донации од USAID,Фондација за развој на локалната заедница и сл<br>Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот. Во врска со јавните набавки во училиштето има училишна комисија за јавни набавки од мала вредност. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки. Јавни набавки со поголема вредност на училиштето се реализираат преку општина Штип.<br>Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници (47%) од вкупно анкетирани 47 и родители (44%) од вкупно анкетирани 241, се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Силни страни**<br>-Управувањето и раководењето со училиштето е според законските норми.<br>-Ефикасна искористеност на просторните капацитети.<br>-Целите и креирањето на училишната политика се во согласност со државната и локалната образовна политика.<br>-Училишната библиотека е достапна за сите ученици бидејќи работи во две смени и има посебна просторија за читање и учење и ова особено е добро за децата со посебни образовни потреби.<br>- Сензорна соба за учениците со посебни образовни потреби. |
|---|

- Поставени фотоволтаици и колектор на сончева енергија за подобрување на одржливоста на училиштето.
- Целото училиште е покриено со стабилна Интернет врска.

**Слаби страни**

-Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците.
- Училишниот одбор не го следи трошењето на буџетот квартално, туку еднаш во годината или по потреба при проширување на планот за јавни набавки.
-Одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.
-Мал број од родителите се согласни дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.
-Поголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето не планира и навремено не обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
-Мал дел од родителите и учениците се изјаснија дека не се информирани за активностите кои училиштето ги планира за следниот период.
- Недоволна заинтересираност на наставниците за развојните активности во училиштето.
- Мал број наставници си вклучени во реализација на проекти и меѓународни училишни мрежи.
- Фискултурната сала не ги задоволува стандардите во зимски услови.
- Нема просторија за изведување на настава по физичко и здравствено образование во подрачните училишта.

**Приоритети**

- Развивање стратегија за оддавање признанија на наставниците.
- Квартално следење на трошењето на буџетот од страна на УО.
-Запознавање на сите чинители во училиштето и родителите за тоа како се троши буџетот, преку информирање за достапноста на завршната сметка на веб страницата на училиштето.
-Поголема ажурност од страна на УО за навремено и транспарентно информирање на сите чинители во училиштето и родителите за донесените одлуки.
-Планирање и навремено обезбедување на потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
-Адекватно и навремено информирање на родителите и учениците за идните активности на училиштето.
- Мотивирање на наставниците за вклучување во развојните активности на училиштето.
- Мотивирање на наставниците за вклучување во соработка на меѓународни проекти и училишни мрежи.
- Поставување систем за адекватно загревање на фискултурната сала.
- Опремување на простории за изведување на настава по физичко и здравствено образование во подрачните училишта.

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

| |
|---|
| Анкета за родители / старатели беше реализирана во јуни електронски.<br>Одговори се добиени од 241 ученици од I-IX одделение. |
| Анкета за наставници беше реализирана во јуни преку алатката Микрософт Форм.<br>Одговори се добиени од 47 наставника. |
| Анкета за ученици беше реализирана во јуни преку алатката Микрософт Форм.<br>Одговори се добиени од 213 ученици од IV-IX одделение. |

Одговорите на прашањата се детално обработени во извештаите од подрачјата.
Наодите од интервјуата се разработени во Подрачје 3.
Наодите од фокус групите се разработени во Подрачје 1 и Подрачје 3.

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „Тошо Арсов“-Штип за период од 2022 до 2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“, бр.161/19) и неговите измени („Службен весник на РСМ бр.229/20“) Општинското основно училиште ООУ „Тошо Арсов“ - Штип изврши самоевалуација на работата на училиштето за периодот од 2022 до 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 30.8.2023 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

| **УЧИЛИШЕН ТИМ:** | |
|---|---|
| **Педагог** | Ангела Каранфиловска |
| **Психолог** | Стефанија Горгиев |
| **Наставник** | Маре Трпчева |
| **Наставник** | Милена Цветкова |
| **Родител** | Дијана Николовска |

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај-август 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје: | Членови на тимот: |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење: | **Координатор: Анка Ангеловска**<br><br>Членови: Виолета Арсовска, Благица Прилепчанска Николова, Весна Игнатова, Марија Денков, Јулијана Сулева, Викторија Поповска, Јасмина Атанасова, Николина Тодорова, Игор Христовски, Лидија Постолова, Габриела Наумова, Ридван Јашаров, Горан Велков, Елизабета Чичевска, Елизабета Митевска и Адриана Митевски. |

| | |
|---|---|
| 2. Постигања на учениците: | **<u>Координатор</u>: Катерина Христова**<br><br><u>Членови:</u> Наташа Денкова, Ефимија Донева, Даниела Иванова, Емилија Јанева, Елена Камчева, Филип Николовски, Валентина Шалева, Роберт Лазаров, Лидија Керемитчиска и Елена Ѓорѓиоска. |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето: | **<u>Координатор</u>: Магдалена Ангелески**<br><br><u>Членови</u>: Татјана Трајчева, Наташа Павлова, Ванѓе Манева, Љупка Ивановска, Добрила Ренџова, Мартин Лапевски, Ивана Костадинова, Ѓоше Маџаров, Мирјана Акалиева, Лилјана Ѓоргиева, Данче Филиповска и Фросина Радева. |
| 4. Управување, раководење и креирање политики: | **<u>Координатор: Наталија Анастасов</u>**<br><br><u>Членови:</u> Наташа Ефтимова, Зорица Манева, Сунчица Ташкова, Изабела Јованова, Снежана Хилјадникова Петровска, Верица Николова, Тамара Миладинова, Емил Нацев, Ристе Наумов, Ивана Биџовска. |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 30.8.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да

бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Индикатори за подрачјет**<br>1. **Планирања на наставниците**<br>2. **Наставен процес**<br>3. **Искуства на учениците од учењето**<br>4. **Оценувањето како дел од наставата**<br>5. **Воннаставни активности и натпревари** |
| **Силни страни**<br>• Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на планирањето.<br>• Наставниците користат стратегии на поучување кои соодветствуваат на образовните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.<br>• Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата.<br>• Нашето училиште обезбедува еднаквост на сите ученици, независно од етничката припадност и култура.<br>• Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди.<br>• Во училиштето работи Училишен инклузивен тим.<br>• Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието и мултикултурализмот.<br>• Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.<br>• Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.<br>• Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.<br>• Училиштето системски ги идентификува образовните потреби на учениците и презема активности за задоволување на истите.<br>• Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој. |

**Слаби страни**

- Училиштето ги следи законските прописи за оценување, но нема Интерен правилник за оценување.
- Наставниците соработуваат во рамките на активите во однос на планирањето на наставата, но не и во однос на реализацијата на наставата.
- Недоволна информираност на наставниците за работата и соработката со образовните асистенти.
- Во училиштето постои пристап за лица со физичка попреченост само на првиот кат од училишната зграда.
- Недоволна информираност на родителите за активностите во училиштето кои вклучуваат ученици од различни култури.
- Недоволна покриеност со алатки за современа настава (смарт табли, дигитални уреди за учениците)

**Приоритети**

- Зајакнување на соработката во рамките на стручните активи во однос на реализацијата на наставата преку дисеминација и споделување добри практики со нагледни и отворени часови.
- Обезбедување повеќе средства и алатки за современа настава.
- Изработка на Интерен правилник за оценување.
- Поголема промоција на активностите со ученици од други култури или од друг наставен јазик.
- Адаптација на пристапот за лица со физичка попреченост до вториот кат на училишната зграда.
- Зајакнување на соработката меѓу наставниците и образовните асистенти.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| |
|---|
| **Индикатори за подрачјето:**<br>1. **Постигања на учениците**<br>2. **Мерки за подобрување на постигањата** |
| **Силни страни**<br>• Редовно се врши идентификување и поддршка на учениците со потешкотии во училиштето од страна на наставниците, стручни соработници и образовни асистенти.<br>• Редовно се врши идентификување и поддршка на надарени ученици од страна на наставниците.<br>• Сите наставници по сите наставни предмети кои работат со деца со попреченост се запознаени со процедурата за изработка на ИОП и ПОП и истите изработуваат полугодишен и годишен извештај за овие ученици.<br>• Добар процент на родители користат е-дневник и имаат редовен увид во постигањата на учениците.<br>• Одделенските раководители системски ја следат редовноста на учениците, ги следат причините за изостаноците и превземаат конкрени активности .<br>• Постои добра соработка меѓу наставниците и родителите (се одржуваат редовни родителски средби, по потреба и вонредни родителски средби), индивидуално информирање за сумирање на информации од страна на стручна служба за редовноста на учениците.<br>• Јавно промовирање и наградување на учениците кои се истакнуваат на натпревари и друг вид на манифестации и активности. |
| **Слаби страни**<br>• Недостаток од материјали/ надгледни средства за работа со ученици со попреченост и со надарени ученици.<br>• Недостаток на стручен кадар (специјален едукатор и рехабилитатор, логопед) за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br>• Училиштето ги собира и обработува статистички податоците за успехот на учениците, но не ги користи за понатамошно подобрување.<br>• Недоволна реализација на дополнителни часови на барање од учениците. |
| **Приоритети**<br>• Обезбедување ресурси за работа со надарени ученици<br>• Обезбеување стручен кадар (специјален едукатор и рехабилитатор, логопед) за работа со ученици со посебни образовни потреби<br>• Развивање стратегија за следење на постигањата на учениците при преминот од еден квалификациски период во друг. |

- Следење на ефектите од советувањето на родителите.
- Подобрување на реализацијата на дополнителната и додатната настава.

| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето |
|---|
| **Индикатори за подрачјето:**<br>**1. Училишна клима**<br>**2. Еднаквост и правичност**<br>**3. Партнерски однос со заедницата**<br>**4. Севкупна грижа за учениците** |
| **Силни страни**<br>-Училиштето има тим кој ќе работи на дигитални содржини за афирмација на училиштето (работи со официјалните профили на социјалните медиуми и веб страницата на училиштето, креира дигитални содржини за промоција на училиштето).<br>-Училиштето има web страница, facebook профил, instagram профил кои континуирано се ажурираат и промовираат активности и постигања на училиштето.<br>-Училиштето има Кодекс за однесување на сите структури кој редовно се ревидира и дополнува од сите засегнати страни.<br>-Нашето училиште има „Фондацијата Љупчо и Тошо Арсови“ кој распишува конкурси на општинско ниво и финансира награди за учениците и нивните ментори со што се постигнува стимулативна средина.<br>-Ученичкиот парламент активно се вклучува во донесувањето одлуки, предлага промени и се вклучува во истите<br>-Ученичкиот правобранител ги промовира правата на децата и има двајца заменици.<br>-Ученичкиот парламент се вклучува во проекти за да ја подобри својата работа и предлага ученички иницијативи (Учество во проект „Промоција на бебедна училипна средина“ и реализција на 5 ученички иницијативи, реалзирани 3 предлога адресирани до градоначалникот)<br>-Препознавање на потребите за подобрена соработка меѓу наставниците, заеднички избор на обука за подобрување на работата на стручните активи и заедниците на учење и проследување на обука за истото. (тема на обука „Професионална соработка на наставниците, стручни активи, заедници за учење, менторство)<br>- Средината за учење ги мотивира учениците и поголем број истакнуваат дека сакаат да одат на училиште, а родителите во поголем број го потврдуваат истото. |

| |
|---|
| -Реализација на хуманитарни акции според потребите на ученици/родители од социјално загрозени семејства<br>- Еднакви можности за учество во различните активности на часовите за сите ученици (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање).<br>-Училиштето има воспоставена процедура според која согласно потребите на учениците училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава.<br>-Училиштето има Политика за заштита на децата, со јасно утврдена процедура за постапување во случај на било која форма на насилство.<br>-Во училиштето редовно се води кампања за здрава храна од Еко-програмата.<br>-Училиштето континуирано се грижи за учениците со емоционални потешкотии, здравствени проблеми и социјално загрозени семејства. |
| **Слаби страни**<br>-Иако Кодексот за однесување на сите структури се презентира на засегнатите страни, сепак се чувствува потреба почесто презентирање на кодескот на однесување на родителите и учениците.<br>-Политиката за заштита на деца е достапна за сите наставници, а  за учениците и родителите треба да  биде презентирана.<br>-Иако училиштето работи на заемно почитување меѓу учениците, навременото пријавување на меѓусебни навреди, првокации не е Целосно препознаено од сите ученици и се појавува потреба од поголема кампања за охрабрување на ученците навремено да пријавуваат меѓусебни навреди, провокации (преку истакнување делови од Политиката за заштита на децата 2024)<br>- Учениците членови на Ученичкиот парламент се поканувваат да присуствуваат на состаноци на Училишен одбор и на работата на другите стручни тела во училиштето, но учениците не присуствуваат на истите.<br>- Правата на децата се презентираат на таргет групи родители, но се наметнува тенденција тие таргет групи да се прошират и активностите/презентациите за правата на децата да се прошират на ниво на училиште (на родителски средби)<br>-Квалитетот на исхрана што се доставува во училиштето (Потреба од повеќе пријавени дистрибутери на храна на јавен повик заради избор на разновидна и поквалитетна исхрана)<br>-Училиштето нема Програма за превенција од заразни болести.<br>-Поголема хигиена во училиштето.<br>-Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана на пушење, но нема поставени знаци за забрана за внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции.<br>-Иако училиштето има добра соработка со родителите, недостига пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.<br>- Училиштето користи промотивни материјали/постери од образовните институции за можностите за уписи во средните |

| |
|---|
| училишта и професионална ориентација на учениците, но помалку спроведува сопствени активности за професинална ориентација на учениците. |
| **Приоритети**<br>-Почесто презентирање на кодескот на однесување на родителите и учениците (На првата родителска средба во прво и второ полугодие (септември и јануари) за родителите и првиот класен час  во прво и второ полугодие за учениците.)<br>- Презентација на Политиката за заштита на деца на учениците и родителите.<br>- Кампања за охрабрување на ученците навремено да пријавуваат меѓусебни навреди, провокации (преку истакнување делови од Политиката за заштита на децата 2024)<br>- Креирање стратегија за мотивација на учениците претставници од Ученички парламент да се вклучат во работата на Училишен одбор<br>-Презентации за правата на децата на ниво на училиште (на родителски средби)<br>- Мотивирање на повеќе дистрибутери на храна да се пријават на јавен повик заради избор на разновидна и подобра исхрана за да може да се подобри квалитетот на исхрана што се доставува во училиштето.<br>- Креирање Програма за превенција од заразни болести.<br>- Подобрување на хигиената во училиштето.<br>-Поставување знаци за забрана за внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции на видни места во училиштето.<br>-Водење евиденција и документирање на прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.<br>- Спроведување на сопствени активности за професинална ориентација на учениците. |

| Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики |
|---|
| **Индикатори за подрачјето:**<br>**1. Управување и раководење со училиштето**<br>**2. Цели и креирање на училишна политика** |
| **Силни страни**<br>-Управувањето и раководењето со училиштето е според законските норми.<br>-Ефикасна искористеност на просторните капацитети.<br>-Целите и креирањето на училишната политика се во согласност со државната и локалната образовна политика.<br>-Училишната библиотека е достапна за сите ученици бидејќи работи во две смени и има посебна просторија за читање и учење и ова особено е добро за децата со посебни образовни потреби.<br>- Сензорна соба за учениците со посебни образовни потреби.<br>- Поставени фотоволтаици и колектор на сончева енергија за подобрување на одржливоста на училиштето.<br>- Целото училиште е покриено со стабилна Интернет врска. |
| **Слаби страни**<br>-Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците.<br>- Училишниот одбор не го следи трошењето на буџетот квартално, туку еднаш во годината или по потреба при проширување на планот за јавни набавки.<br>-Одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.<br>-Мал број од родителите се согласни дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.<br>-Поголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето не планира и навремено не обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>-Мал дел од родителите и учениците се изјаснија дека не се информирани за активностите кои училиштето ги планира за следниот период.<br>- Недоволна заинтересираност на наставниците за развојните активности во училиштето.<br>- Мал број наставници си вклучени во реализација на проекти и меѓународни училишни мрежи.<br>- Фискултурната сала не ги задоволува стандардите во зимски услови.<br>- Нема просторија за изведување на настава по физичко и здравствено образование во подрачните училишта. |
| **Приоритети**<br>- Развивање стратегија за оддавање признанија на наставниците.<br>- Квартално следење на трошењето на буџетот од страна на УО.<br>-Запознавање на сите чинители во училиштето и родителите за тоа како се троши буџетот, преку информирање за достапноста на завршната сметка на веб страницата на училиштето. |

| |
|---|
| -Поголема ажурност од страна на УО за навремено и транспарентно информирање на сите чинители во училиштето и родителите за донесените одлуки.<br>-Планирање и навремено обезбедување на потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>-Адекватно и навремено информирање на родителите и учениците за идните активности на училиштето.<br>- Мотивирање на наставниците за вклучување во развојните активности на училиштето.<br>- Мотивирање на наставниците за вклучување во соработка на меѓународни проекти и училишни мрежи.<br>- Поставување систем за адекватно загревање на фискултурната сала.<br>- Опремување на простории за изведување на настава по физичко и здравствено образование во подрачните училишта. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

1. Зајакнување на соработката во рамките на стручните активи во однос на реализацијата на наставата преку дисеминација и споделување добри практики со нагледни и отворени часови.
2. Обезбедување повеќе средства и алатки за современа настава.
3. Изработка на Интерен правилник за оценување.
4. Следење на ефектите од советувањето на родителите.
5. Подобрување на реализацијата на дополнителната и додатната настава.
6. Почесто презентирање на кодескот на однесување на родителите и учениците со цел запознавање на сите со истиот и давање можност за негово почитување и примена,
7. Презентација на Политиката за заштита на деца на учениците и родителите.
8. Кампања за охрабрување на ученците навремено да пријавуваат меѓусебни навреди, провокации (преку истакнување делови од Политиката за заштита на децата 2024)
9. Презентации за правата на децата на ниво на училиште (на родителски средби)
10. Мотивирање на повеќе дистрибутери на храна да се пријават на јавен повик заради избор на разновидна и подобра исхрана за да може да се подобри квалитетот на исхрана што се доставува во училиштето.
11. Креирање Програма за превенција од заразни болести.
12. Подобрување на хигиената во училиштето.
13. Поставување знаци за забрана за внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции на видни места во училиштето.
14. Спроведување на сопствени активности за професинална ориентација на учениците.
15. Развивање стратегија за оддавање признанија на наставниците за зголемување на мотивираноста на наставниците, што понатаму ќе се одрази позитивно врз наставниот процес и целокупната работа на училиштето.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Ангела Каранфиловска

Стефанија Горгиев

Маре Трпчева

Милена Цветкова

Дијана Николовска